БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО
BYROJA E ZHVILLIMIT TË ARSIMIT

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА - БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS - BYROJA E ZHVILLIMIT TË ARSIMIT
MINISTRY OF EDUCATION AND SCIENCE - BUREAU FOR DEVELOPMENT OF EDUCATION

# БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО
# 70 години
# ЗНАЕЊЕ, ВИЗИЈА, ПОСВЕТЕНОСТ И РАЗВОЈ
# МОНОГРАФИЈА
# 1955-2025

# BYROJA E ZHVILLIMIT TË ARSIMIT
# 70 vjet
# VIZION, NJOHURI, PËRKUSHTIM DHE ZHVILLIM
# MONOGRAFIA
# 1955 - 2025

Скопје, 2025
Shkup, 2025

**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО 70 години**
**ЗНАЕЊЕ, ВИЗИЈА, ПОСВЕТЕНОСТ И РАЗВОЈ**
**МОНОГРАФИЈА 1955 - 2025**

**BYROJA E ZHVILLIMIT TË ARSIMIT 70 vjet**
**VIZION, NJOHURI, PËRKUSHTIM DHE ZHVILLIM**
**MONOGRAFIA 1955 - 2025**

Издавач: Биро за развој на образованието - Скопје
Botues: Byroja e Zhvillimit të Arsimit - Shkup

Уредник: м-р Милка Тримчевска / Redaksioni: Mr. Millka Trimçevska

Автори:/ Autorë:
м-р Валентина Гоцевска/ Mr. Valentina Gocevska
д-р Лидија Кондинска/ Dr. Lidija Kondinska
Весна Торбовска-Василевска/ Vesna Torbovska-Vasilevska
Ирена Борисовска/ Irena Borisovska
м-р Афродита Давко/ Mr. Afrodita Davko
Весна Попова/ Vesna Popova
м-р Владо Стојанов/ Mr. Vllado Stojanov
Борјана Јанакиева - Заева/ Borjana Janakieva-Zaeva
Јасминка Несторовска - Иваноска/ Jasminka Nestorovska-Ivanoska
д-р Бети Денков/ Dr. Beti Denkov
м-р Јанко Билбиловски/ Mr. Janko Bilbilovski
Миведете Махмути/ Mivedete Mahmuti
Татјана Тасевска/ Tatjana Tasevska
Соња Радевска/ Sonja Radevska
м-р Јулија Глигорова - Трајаноска / Mr. Julija Gligorova-Trajanoska
м-р Гордана Здравевска - Томеска / Mr. Gordana Zdravevska-Tomeska
Мерзије Гаши - Сулејмани / Merzije Gashi-Sulejmani
д-р Габриела Дурчевска - Георгиева/ Dr. Gabriella Durçevska - Georgieva
д-р Жанета Чонтева/ Dr. Zhaneta Conteva
Фросина Божиновска/ Frosina Bozhinovska
Емилија Пановска/ Emilija Panovska

Соработници:/ Bashkëpunëtorë:
д-р Марина Димитриева-Ѓорѓиевска/ Dr. Marina Dimitrievska-Gjorgjevska
Оливера Тодороска / Olivera Todoroska

Преведено од м акедонски јазик: Миведете Махмути, Љумние Ајдари
Përkthyes nga gjuha maqedonase:Mivedete Mahmuti,Ljumnie Ajdari
Дизајн и техничко уредување: Студентски Сервис, Скопје
Dizajni dhe rregullimi teknik: Studentski Servis,Shkupi
Година на издавање: 2025 година / Viti i botimit: 2025
Место на издавање: Скопје / Vendi i botimit: Shkup
Електронско издание / Botimi elektronik

# Содржина

**1. Предговор** ........................................................ **5**
**2. Историски развој (1955-2025)**........................................................ **13**
2.1 Основање и мисија ........................................................ 13
2.2 Промени низ годините........................................................ 15
2.3 Развој на надлежностите на Заводот за унапредување и проучување на ........ школството, денес Биро за развој на образованието (1955-2025) ........................ 19
2.4 Развој на стручниот кадар на Заводот за унапредување и проучување на школството, денес Биро за развој на образованието (1955-2025) ........................ 20
2.5 Институционални симболи, простор, органограм на Бирото за развој на образованието........................................................ 21
**3. Основни надлежности и функции** ........................................................ **27**
3.1. Изработка на наставни планови и наставни програми ........................................ 27
Развој на предучилишното воспитание и образование ........................................ 27
Развој на основното образование ........................................................ 30
Развој на средното образование ........................................................ 32
Развој на инклузивното образование ........................................................ 34
Улогата на бирото за развој на образованието во поддршката на децата на иселениците........................................................ 36
Вклучување на децата повратници од странство, децата со надмината возраст и децата странски државјани во образовниот систем ........................................ 36
Ученички домови........................................................ 37
Грижа за образованието на возрасните ........................................................ 39
Улогата на бирото за развој на образованието во развивање и вреднување на учебници и материјали за учење........................................................ 39
3.2 Истражувачката дејност на Бирото за развој на образованието........................ 41
3.3 Професионален развој на воспитно-образовниот кадар ........................................ 43
3.4 Обуки, семинари и работилници ........................................................ 47
3.5 Стручно-советодавна поддршка ........................................................ 47
3.6 Следење и вреднување на постигнувањата на учениците и наставниците ......... 49
3.7 Издавачката дејноста на Бирото за развој на образованието ............................ 50



**4. Бирото за развој на образованието како центар на стручност................................ 53**
4.1 Стручен кадар: советници, соработници ............................................................. 54
4.2 Воспоставување професионални стандарди ........................................................ 56
**5. Соработка на национално и меѓународно ниво ...................................................... 59**
5.1 Соработка на национално ниво ........................................................................... 59
5.2 Меѓународна соработка ....................................................................................... 60
**6. Постигнувања и влијанија.......................................................................................... 65**
6.1 Главни резултати во развојот на образованието ................................................. 65
6.2 Иновативни практики............................................................................................ 66
6.3 Влијание врз образовните политики и квалитетот на наставата ......................... 66
**7. Поглед кон иднината ................................................................................................. 69**
7.1 Визија и приоритети за следната деценија .......................................................... 70
7.2 Рефлексии за улогата на Бирото за развој на образованието во новиот образовен контекст................................................................................................. 71
**8. Прилози ...................................................................................................................... 73**
8.1 Хронологија на значајни датуми и настани ......................................................... 73
8.2 Библиографија на клучни документи и публикации ............................................ 74
8.3 Користена литература .......................................................................................... 76

# 1. Предговор

По повод одбележувањето на седум децении од основањето, Бирото за развој на образованието со посебна гордост ја издава оваа монографија, како сведоштво за континуираното дејствување, развој и придонес во унапредувањето на воспитно-образовниот систем во Република Северна Македонија.

Основано во 1955 година, Бирото низ своето повеќедецениско постоење се разви во централна стручна, советодавна и развојна институција во областа на образованието. Неговата улога во креирањето на образовните политики, изработката и ревизијата на наставните програми, унапредувањето на наставната практика и поддршката на професионалниот развој на наставниците е од суштинско значење за напредокот на националниот образовен систем.

Монографијата има за цел да го прикаже историскиот континуитет, институционалниот развој и постигнатите резултати на Бирото за развој на образованието во текот на изминатите седумдесет години. Таа претставува преглед на клучните активности, проекти и иницијативи кои ја обликувале мисијата и визијата на институцијата, но и признание за трудот, професионалноста и посветеноста на многубројните генерации стручни соработници, советници и раководители кои го оставиле својот траен белег во нејзината работа.

Од основните задачи во првите години на своето постоење, до современите предизвици поврзани со дигитализацијата, инклузивноста и квалитетот на наставата, Бирото останува посветено на својата примарна мисија – обезбедување на стручна, научна и педагошка поддршка за развој на квалитетно, современо и достапно образование за сите.

Со ова издание, Бирото за развој на образованието не само што се навраќа на својата богата историја, туку и ја афирмира својата определба за континуиран развој и усогласување со современите европски и светски образовни текови. Монографијата е симбол на благодарност кон сите кои придонеле во градењето на институцијата и поттик за идните генерации да продолжат со истата посветеност и професионализам.

**Биро за развој на образованието**
Скопје, 2025 година




# 70 ГОДИНИ ПОСВЕТЕНОСТ, ОДГОВОРНОСТ И ВИЗИЈА ЗА КВАЛИТЕТНО ОБРАЗОВАНИЕ

Почитувани,

Со особена чест, одговорност и гордост го одбележуваме големиот јубилеј - 70 години од основањето на Бирото за развој на образованието. Седум децении континуирана работа, развој и посветеност претставуваат значаен белег не само за нашата институција, туку и за целиот образовен систем во државата. Овој значаен јубилеј не е само потсетник на минатото, туку и инспирација за иднината.

Од основањето во 1955 година, кога се поставуваа темелите на националниот образовен систем, па сѐ до денес, Бирото израсна во стожер на стручноста, иновацијата и реформските процеси во воспитно-образовната дејност. Во текот на своето постоење, Бирото претрпе повеќе организациски и концептуални трансформации, секогаш прилагодувајќи се на општествените промени и современите барања. Се развиваше во чекор со реформите, воспоставувајќи тесна соработка со градинките, училиштата, универзитетите, националните и меѓународните организации и образовните експерти. Историјата на Бирото е историја на постојан стремеж кон подобро образование - образование кое ги следи светските трендови, но и ги негува националните вредности, културата и јазикот.

Овој јубилеј е можност да се навратиме на сето она што е постигнато - со благодарност кон генерациите што ја градеа и ја унапредуваа институцијата, но и со јасна визија за иднината.

Денес, кога светот се менува со голема брзина, образованието станува клучен фактор за општествениот напредок. Бирото е двигател за модернизација и квалитет во образованието, продолжува да биде партнер и поддршка на сите чинители во образовниот процес, со јасна визија – да создава услови за учење што го поттикнува развојот на секое дете, на секој наставник и на целата заедница.

Бирото за развој на образованието останува посветено на создавање квалитетно, правично и достапно образование за сите ученици, потпирајќи се на вредностите на знаењето, одговорноста и професионалноста. Во духот на традицијата, но со поглед насочен кон иднината, ќе продолжиме да ја градиме нашата улога како движечка сила на образовните реформи, верувајќи дека секоја промена започнува со знаење, соработка и посветеност.

На овој јубилеј, упатувам искрена благодарност до сите кои во изминатите седум децении со својата работа, знаење и посветеност придонесоа Бирото за развој на образованието да стане препознатлив симбол на квалитет, стручно лидерство и континуиран развој во образованието.

Нека оваа Монографија за 70 години биде потсетник на сѐ што сме постигнале, но и поттик за нови визии и успеси. Со заедничка посветеност, верба во знаењето и љубов кон учениците, ќе продолжиме да го градиме образованието какво што го заслужува секое дете - квалитетно, правично и инспиративно.

Со длабока почит и благодарност,

м-р Милка Тримчевска
**Директор на Бирото за развој на образованието**
**Скопје, 2025 година**



## РАЗВОЈОТ НА ОБРАЗОВАНИЕТО Е ОСНОВА НА ОПШТЕСТВЕНИОТ НАПРЕДОК И ЗАЕДНИЧКА ОДГОВОРНОСТ

*По повод 70-годишнината на Бирото за развој на образованието, чувствувам гордост за неговиот пат како темел на квалитетот и професионализмот во образованието. Развојот на образованието е основа на општествениот напредок и заедничка одговорност.*

*Денес, повеќе од кога и да е, наша задача е да ја зачуваме оваа традиција и да ја прилагодиме на времето - за современо образование кое му служи на знаењето, развојот и човекот.*

*Со почит,*
*Шенаси Точи*
**в.д.Заменик директор на Бирото за развој на образованието**
**Скопје, 2025 година**



# БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО – СЕДУМ ДЕЦЕНИИ ПОСВЕТЕНОСТ КОН ГРАДЕЊЕ ПОДОБРА ИДНИНА!

*Седумдесет години постоење се повеќе од јубилеј - тоа е сведоштво за истрајност и посветеност на една институција чија мисија е од големо значење за националниот развој. Бирото за развој на образованието од своето основање ја втемелува стручноста на кадарот во градењето на воспитно-образовен систем кој одговара на сложените општествени, политички и економски промени во државата.*

*Патот не бил секогаш лесен – од периоди на предизвици до периоди на исклучителни успеси и достигнувања, што служат како важни лекции за понатамошен раст и подобрување.*

*Токму преку оваа монографија сакаме да се потсетиме на долгата историја на Бирото, на неговите бројни искушенија и достигнувања, како и на луѓето кои со својата визија, труд и љубов кон образованието придонеле да се изгради систем кој постојано се развива.*

*Она што денес го издвојува Бирото е неговата конзистентност и синхронизирано делување со Министерството за образование и наука, што овозможува стабилна и резултатна динамика на работа насочена кон најважната цел -подобрување на знаењата и вештините на младите генерации. Со идентичен поглед кон иднината, обезбедуваме сигурност дека секое дете во Македонија ќе има можност за образование што создава знаење, вредности и потенцијал за успех.*

*Благодарност до сите кои биле дел од организациската структура на Бирото за развој на образованието. Порака до сегашните и идни вработени - да продолжиме да градиме квалитетно образование кое создава иднина, отвора можности и ја движи државата напред.*

*Честитки за јубилејот!*
*проф. д-р Весна Јаневска*
**Министерка за образование и наука**
**Скопје, 2025 година**

# 2. Историски развој

# 2. Историски развој (1955-2025)

## 2.1 Основање и мисија

Со создавањето на современата македонска држава и историските одлуки на Првото заседание на АСНОМ, образованието беше препознаено како еден од темелите на националниот идентитет, културниот развој и општествениот напредок. Во првите години на државноста, се поставија основите на државниот систем што требаше да обезбеди писменост, знаење и стручност, како предуслов за изградба на новата држава. Во таа насока започна и создавањето на институциите задолжени за развој на воспитно-образовниот систем.



ДРЖАВЕН АРХИВ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ARKIVI SHTETËROR I
RÉPUBLIQUE DE MACÉDOINE DU NORD
СКОПЈЕ - SHKUP

**П Р Е Д Л О Г**

за формирање на Завод за проучување и унапредување
на школството

Од пред извесно време во советите за просвета, во педаго-
шките друштва и на филозофските факултети, се водат дискусии околу
формирање посебни установи за проучување и унапредување на школството
Скоро во сите народни републики, освен НР Црна Гора, формирани се так
ви установи - во НР Србија Завод за унапредување на школството како
самостална установа, во НР Хрватска Одделение за унапредување на школ
ството при Советот за просвета, наука и култура на НР Хрватска, во
НР Словенија Комисија за проучување на школството при Советот за про-
света и во НР Босна и Херцеговина Завод за унапредување на школствот
Извршниот одбор на Педагошкото друштво на НРМ, го постави ова прашање
на дискусија па го достави мнението и до Советот за просвета, со огле
на тоа што иницијативата за формирање на вакви установи беше од Прет-
седателството на Сојузот на педагошките друштва на ФНРЈ. Советот за
просвета на еден од своите состанци, определи посебна комисија за раз
гледување на ова прашање. На последниот свој состанок, одржан на 29-
XII-1954 година, Советот за просвета го разгледа предлогот на комиси-
јата и едногласно донесе решение за формирање посебна установа за про
учување и унапредување на школството.

И при предлогот од Педагошкото друштво и посебната гоми-
сија определена од Советот за проучување на ова прашање, и при донесу
вањето на решението за формирање на посебна установа за проучување и
унапредување на школството воглавно се имаа предвид следните факти:

1/ брзиот економски и политички развој во нашата земја ги
условува и промените во физиономијата и структурата во нашето школств
На нашата училишна пракса и се наметнуваат секидневно нови и тешки пр
блеми. Поради тоа, училишната пракса од педагошката теорија поефикас-
на помош за поуспешно и полесно решавање на тие разни проблеми. Меѓу
тоа, педагошката теорија не може така лесно да и даде помош на учили-
шната пракса од повеќе причини, и тоа во главно, од обективен каракте

2/ нашата педагошка наука се наоѓа пред сериозни и тешки
задачи, со критичко однесување на туѓите искуства и туѓите теоретски
постапки да ги обопштува резултатите од нашата сопствена пракса и да
пронаоѓува сопствени концепции за воспитно-образовна работа во нашите
шfoли и културно-просветни институции;

3/ дискусијата околу реформата на школството навлегува во
една нова фаза, веќе се отпочнува со конкретна работа. Во догледно

./.

**Сл. 1 Предлог за формирање на Завод за проучување и унапредување на школството**

Со одлука на Извршниот совет на НР Македонија, во 1955 година е основан Заводот за унапредување и проучување на школството.

Мисијата на Заводот била јасна: да понуди системска и стручна поддршка на училиштата и наставниците, да креира современи наставни планови и програми и да обезбеди професионален развој на кадарот. Така, за првпат во Македонија е воспоставен централен орган што го следи, анализира и го насочува развојот на воспитно-образовниот процес.

Во наредните децении, Заводот, а подоцна и Бирото за развој на образованието станува главната реформаска сила за воспитно-образовната работа во училиштата. Неговата улога не се ограничува само на административна поддршка, туку и на креирање визија за тоа какво образование ѝ е потребно на државата и како тоа образование може да го следи текот на општествените промени.



ЗАВОД ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ И ПРОУЧУВАЊЕ НА ШКОЛСТВОТО НА НРМ

1955-1957 г.

R E Š E N I E

za osnivanje Zavod za unapreduvanje na školstvoto

С К О П Ј Е

1955 god.

**Сл. 2 Решение за основање Завод за унапредување на школството**

## 2.2 Промени низ годините

Историјата на Бирото за развој на образованието е тесно испреплетена со развојот на македонскиот образовен систем. Секоја општествена промена - политичка, економска или културна оставала свој белег во организацијата, надлежностите и улогата на оваа институција.

Првиот голем чекор е направен во 1955 година, кога со Решение на Извршниот совет на НР Македонија е формиран Заводот за унапредување и проучување на школството. Заводот започнува со работа на 1 јануари 1956 година и претставува прв организиран обид за системска поддршка на воспитно-образовната дејност. Во тој период, Македонија ја гради својата државност, а образованието станува еден од најважните темели на идниот развој.

Со донесување на Законот за просветно - педагошка служба во 1960 година, институцијата добива јасно место во системот. Во повеќе градови во државата се формирани и општински заводи. Нивната улога е да обезбедат стручен надзор, методска поддршка и контрола на наставата. Така, образовниот систем добива широка мрежа што гарантира усогласеност и квалитет.

Во 1974 година, новиот Закон за организирање на дејност за унапредување на образованието и воспитувањето („Сл. весник на СРМ“ бр. 17/74) ги трансформира Републичкиот и општинските заводи во самоуправни организации на здружениот труд, со сопствени органи на управување. Називите се менуваат - општинските стануваат заводи за унапредување на предучилишно и основно образование и воспитание, а Републичкиот - Републички завод за унапредување на образованието и воспитанието.

По 1990 година, со распадот на СФРЈ и укинувањето на моделот на здружен труд, институцијата продолжува како Педагошки завод на Македонија. Во овој период доминира административната и советодавната улога на Заводот, а вниманието е насочено кон стабилизирање на системот и усогласување со новата реалност на државната.

Вистинската трансформација започнува во 2000 година, кога е донесен Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ“ бр. 58/2000). Со него Педагошкиот завод на Македонија ја продолжува својата работа како Биро за развој на образованието - орган во состав на Министерството за образование и наука, со својство на правно лице. Бирото ги презема функциите на Педагошкиот завод, но со значително проширени надлежности.

Во 2006 година, со посебен Закон за Бирото за развој на образованието („Сл. весник на РМ“ бр. 37/06), прецизно се утврдуваат функциите на Бирото: *„надлежно за следење, стручен увид, истражување, унапредување и развој на воспитно-образовната дејност во областа на предучилишното, основното, гимназиското образование, уметничкото образование, општообразовните предмети во средното стручно образование, во специјалистичкото образование и во образованието на возрасните, образованието на децата со посебни образовни потреби, воспитно-образовната дејност на ученичките домови, како и за образование на децата на граѓаните на Република Македонија во странство за учење на мајчиниот јазик и култура.“*

Од 2006 година до денес, институцијата доживува серија реорганизации. Од неа се издвојуваат нови тела со посебни надлежности - Државниот испитен центар и Центарот за стручно образование и обука. Денес Бирото за развој на образованието се фокусира на развојот на наставните планови и наставните програми, професионалниот развој на наставницит и стручните соработници и на стандардизацијата на образовниот процес.

Во 2021 година Бирото за развој на образованието ги засили своите активности во насока на развој и на унапредување на дигиталните содржини и поддршка на учењето на далечина и поддршка во реализацијата на наставните програми. Овие активности претставуваат одговор на современите образовни предизвици и потврда дека институцијата постојано се прилагодува и се развива во согласност со образовните потреби, технички-технолошкиот развој и со потребите на пазарот на трудот.

| Период | Назив на институцијата | Клучен закон | Надлежности / промени |
|---|---|---|---|
| 1955-1960 | Завод за унапредување и проучување на школството | Решение бр. 214/1955 | Почетоци на педагошка служба |
| 1960-1974 | Републички завод за унапредување на школството | Закон за просветно-педагошка служба („Сл. Весник на НРМ“бр. 16/60) | Формирање општински заводи, стручен надзор и увид |
| 1974-1990 | Републички завод за унапредување на образованието и воспитувањето | Закон за организација на дејноста за унапредување на образованието и воспитувањето | Самоуправна организација, нови надлежности |
| 1990-2000 | Педагошки завод на Македонија | Закони за државна управа (1990) и подзаконски акти | Централизација, административна и советодавна функција |
| 2000-2025 | Биро за развој на образованието | Закон за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ“ бр. 58/2000)<br>Закон за Бирото за развој на образованието („Сл. весник на РМ бр. 37/06; 142/08; 148/09; 69/13; 120/13; 148/13; 41/14; 30/16 и 64/18 и „Службен весник на РСМ бр. 74/2025) | Развој на стандарди, наставни планови и програми, истражувања, професионален развој на воспитно-образовниот кадар, следење, стручен увид и советодавна стручна работа, давање инструктивно-менторска поддршка на воспитно-образовниот кадар |

**Табела 1 – Хронолошки приказ на институционални промени (1955-2025)**

И покрај бројните реорганизации и промени во надлежностите на Бирото, институцијата ја задржува својата суштинска улога и е клучен носител на стручната поддршка, следењето и развојот на воспитно-образовниот процес.

Во текот на своето постоење, Бирото за развој на образованието секогаш било водено од директор, кој ја носел главната одговорност за целокупната работа на институцијата и за спроведувањето на нејзините законски надлежности. Директорот не е само административен раководител, туку и клучна фигура што ја обликувала визијата и насоката во развојот на институцијата.

Во согласност со надлежностите на Бирото за развој на образованието е развиена структура која ги обединува различните области на работа и дејствување поврзани со следење и стручен увид, истражување, унапредување и развој на воспитно-образовната дејност во основното и средното образование. Во институцијата, од особена важност се стручните тимови, составени од вработени експерти, но и од надворешни соработници. Тие тимови се создаваа секогаш кога требаше да се одговори на нови задачи - од подготовка на наставни програми, до изработка на концепции и стратегии за развој на образованието.

Флексибилноста и способноста да се формираат специјализирани тимови овозможи Бирото да одржи високо ниво на професионализам и да ја извршува својата мисија во различни историски околности. Организациските решенија секогаш биле прилагодени на условите и на потребите на системот без разлика дали се работи за периодот на масовна изградба на училиштата во шеесеттите, за реформите по 1990 година или дали се работи за дигиталната трансформација во последната деценија.



## Развој и улога на подрачните единици во системот на унапредување на образованието (1956-2006)

Од самиот почеток подрачните единици претставуваа клучен дел од институцијата на воспитно-образовната дејност. Тие се центри за континуирана поддршка на училиштата и на наставниците за да се овозможи примена на националните политики на локално ниво.

Врз основа на Законот за просветно-педагошка служба објавен во „Службен весник на Народна Република Македонија" (бр. 16/60), почнува нивното оформување во повеќе градови низ државата: Битола, Велес, Гостивар, Кавадарци, Куманово, Охрид, Прилеп, Струмица, Тетово и Берово. Секоја подрачна единица има свој тим советници кои преку педагошки увиди, обуки и советувања обезбедува стручна и менторска поддршка на училиштата.

Тие функционирале како посредници меѓу централните институции и локалните училишта, овозможувајќи дијалог, навремени интервенции и квалитетна евалуација на образовниот процес. На тој начин училиштата имаат стабилна поддршка во своето секојдневно работење, а системот станува функционален и усогласен со реалните потреби и можности.

## Реформи и нова организациска структура на подрачните единици/одделенија (2007-2025)

Со реформите по 2007 година, подрачните единици се трансформирани во подрачни одделенија, кои покриваат пошироки региони и имаат поефикасна организациска поставеност. Денес функционираат одделенија во Тетово, Гостивар, Охрид, Прилеп, Велес, Струмица, Штип, Кавадарци и Куманово.

Новата структура овозможила поефикасна координација на регионално ниво, подобра распределба на стручните ресурси, како и поголема усогласеност во спроведувањето на националните политики.

Со оваа промена, подрачните одделенија добиваат засилена улога во синхронизирање на педагошкиот увид, стручното усовршување и анализата на резултатите на наставата.

Денес подрачните одделнија се вклучени во:

- спроведување и следење на реализацијата на наставните програми:
- организирање на обуки и континуирана едукација на наставниците;
- систематско собирање и анализа на резултатите од следењето на воспитно-образовниот процес;
- промовирање на иновации и дигитална трансформација;
- развивање партнерства со локалната самоуправа, родителите и други засегнати страни.

Подрачните одделенија не се само продолжена рака на централната институција, туку и активни чинители што го прилагодуваат образованието на специфичните локални услови и предизвици.

Од своето започнување со работа, па сè до денес, подрачните единици и нивните наследници - подрачните одделенија - ја играат улогата на стабилен и неопходен дел од македонскиот образовен систем. Нивната работа е препознаена и во национални и меѓународни извештаи, меѓу кои Из-

вештајот за квалитет на образованието на Бирото за развој на образованието (2019) и Прегледот на образовниот систем на Светска банка (2021), каде што се нагласува значењето на децентрализираната поддршка.

Со тоа, подрачните структури остануваат клучен фактор за обезбедување на квалитет, флексибилност и стабилност во воспитно-образовниот процес и претставуваат основа за понатамошен развој на современо образование.

## 2.3 Развој на надлежностите на Заводот за унапредување и проучување на школството, денес Биро за развој на образованието (1955-2025)

Кога во 1955 година е основан Заводот за унапредување и проучување на школството, неговата главна задача е суштинска - да даде стручна и менторска поддршка на училиштата. Во годините по Втората светска војна, образованието во Македонија сè уште се гради, а наставниците често работат со ограничени ресурси. Заводот ги изработува првите наставни програми, уредува учебници и развива стандарди кои треба да обезбедат единствен и квалитетен пристап во наставата.

Во седумдесетите години од минатиот век, со новата законска рамка, институцијата ја консолидира својата улога на национално ниво. Се формираат сектори за предучилишно, основно и средно образование, а Заводот почнува систематски да ја координира работата на локалните заводи. Тогашната работа не се сведува само на развивање на наставни планови, туку таа опфаќа редовни стручни увиди во училиштата, изработка на прирачници, поддршка на наставниците во гимназиите и стручните училишта, како и развој на издавачката дејност. Ова е период на проширување на функциите, со што Заводот станува централна институција во државата од аспект на педагошки раст и развој.

По 1990 година, со распадот на СФРЈ и трансформациите во македонското општество, Педагошкиот завод на Македонија добива нови задачи. Фокусот се поместува кон реформите поврзани со интеграцијата на современи наставни методи, континуирана обука на наставници и подготовка на аналитички извештаи коишто ќе го насочуваат образованието кон европските стандарди. Се развиваат и првите системски програми за професионален развој на наставниот кадар, а издавачката дејност добива нов замав со изработка на прирачници и материјали за практична работа.

Во последните две децении, Бирото се позиционира како двигател на модернизацијата на образованието. Ова е време на дигитална трансформација. Во соработка со Министерството за образование и наука, УНИЦЕФ и други партнери, Бирото ја воспостави националната дигитална платформа ЕДУИНО. Платформата брзо станува централна точка за дигитална настава, професионален развој на наставниците и вклучување на родителите во учењето.

На тој начин, преку ЕДУИНО беа објавени 1740 видеолекции за предучилишно, основно и средно образование, на пет наставни јазици, со над 300 000 корисници. Платформата нуди видеа, тестови, прирачници и алатки за различни возрасти и за различни наставни предмети, овозможувајќи им

на наставниците да креираат, да споделуваат дигитални материјали, добри практики и примери за интерактивни методи за учење.

Со поддршка на Бирото за развој на образовабието, денес дигиталната трансформација е на ново ниво: образовниот систем користи сè понапредни дигитални алатки, вклучително и образовни дигитални платформи и решенија базирани на вештачка интелигенција.

## 2.4 Развој на стручниот кадар на Заводот за унапредување и проучување на школството, денес Биро за развој на образованието (1955-2025)

Биро за развој на образованието во текот на своето постоење секогаш се потпира на советниците кои се движечка сила зад секоја програма, зад секој учебник и зад секоја реформа. Промените во институцијата и нејзините надлежности секогаш бараа и нови знаења, нови профили и нови начини на работа, па професионалниот раст и развој на стручниот кадар станува една од најважните определби во историјата на институцијата.

### Почетоци и поставување на основата (1955-1990)

Во првите децении, институцијата расте постепено. Во 1980 година Заводот брои 43 вработени – директор, раководители, педагошки советници и стручни соработници. И покрај зголемениот обем на работа, често недостасува стручен кадар, па дел од задачите ги извршуваат надворешни експерти. Тоа покажува дека уште тогаш, Заводот тежнее кон транспарентност и соработка со поширокаta академска и педагошка заедница.

Законот за вработување од 1974 година поставува високи критериуми при изборот за вработување на стручни лица. Со тоа, во институцијата влегувале луѓе со кредибилитет и искуство во областа, а изборот се врши на транспарентен начин, преку јавни конкурси и рецензентски комисии.

### Консолидација и предизвици (1990-2000)

По стекнувањето на независноста на Република Македонија, институцијата добива ново име и нова улога. Педагошкиот завод на Македонија ја зацврстува својата улога како централна стручна институција за развој и унапредување на воспитно-образовниот систем. Во овој период ја консолидира својата структура, создавајќи сектори за различни образовни нивоа и области, со јасно дефинирани надлежности во истражување, обука на наставници и развој на наставни стандарди. Се воспоставуваат партнерства со институции и организации (УНЕСКО, УНИЦЕФ, Совет на Европа) за поддршка на реформите, што придонесе кон модернизација и европеизација на наставните пристапи.

Но, во услови на транзициски општествено - економски процеси, институцијата се соочува со недостаток на ресурси и се соочува со предизвикот за обезбедување на квалитет во новиот национален систем на образование.

### Професионализација и модернизација (2000-2025)

Со преименувањето на институцијата во Биро за развој на образование, започнува повисоко ниво на професионализам и модернизација во спроведувањето на образованите реформи. Стручниот кадар веќе не бил само бројка, туку внимателно избрана и специјализирана мрежа на експерти. Во тимовите почнале да се вклучуваат педагози, психолози, методичари, експерти за инклузија, за ИКТ, како и за стандардизација и за евалуација.

Во текот на 2006 година Бирото за развој на образованието има над 100 советници. Хиерархијата била јасно поставена, од стручен соработник, преку педагошки советник, до самостоен педагошки советник со редовни реизбори кои гарантирале професионален развој и одговорност. Заклучно со Законот за државните службеници (Сл. весник на РМ бр. 27/06), кој влегува во сила на 1 јануари 2007 година, се воспоставени нови категории и звања за вработените во јавниот сектор, вклучувајќи го и Бирото за развој на образованието. Овој закон ја дефинира структурата на државните службеници и нивните права и обврски.

Во годишните извештаи по 2015 година се нагласува сè посилната улога на стручниот кадар во дигитализацијата, во развојот на наставни програми и во поддршката на инклузивното образование.

Во 2025 година во Бирото за развој на образованието има околу 150 вработени. Од нив повеќето се советници специјализирани за конкретни образовни области и подготвени да одговорат на современите предизвици. Преку оваа кадровска слика институцијата ја потврдува својата улога како движечка сила во напредокот на образованието.

## 2.5 Институционални симболи, простор, органограм на Бирото за развој на образованието

### Институционални симболи

Во првите децении од своето постоење (1955-1991), Заводот за унапредување и проучување на школството, Републичкиот завод за унапредување на школството и Републичкиот завод за унапредување на образованието и воспитувањето немале сопствено лого или визуелен симбол. Наместо тоа, на сите публикации и документи стоел државниот грб на Социјалистичка Република Македонија. Така, институцијата била препознаена преку државните обележја, а не преку свој посебен идентитет. (слика 3).



Слика 3

Со осамостојувањето на Република Македонија, овој пристап продолжил - новиот државен

грб станал единствен симбол на Педагошкиот завод на Македонија. Иако тоа обезбедувало официјална тежина, сè уште недостигал визуелен знак кој ќе ја одрази специфичната улога и карактер на самата институција. (слика 4)



Слика 4

Со трансформацијата во Биро за развој на образованието, институцијата гради сопствен визуелен идентитет преку воведување на лого. Логото се појавува во различни форми – како самостоен графички знак (слика 5а), или во комбинација со текстуален дел (слика 5б).



Слика 5а




Слика 5б

Најнапред логото било користено паралелно со државните симболи, во различни верзии и формати, сè додека постепено не се наметнало како официјален белег на институцијата.

Денес логото на Бирото за развој на образованието е комбинација на препознатливиот графички знак со називот на институцијата на македонски, албански и англиски јазик. (слика 6)




Слика 6

Логото се појавува на документи, публикации, веб-страници, покани за обуки и сите официјални материјали на Бирото за развој на образованието.

## Простор и локација на Бирото за развој на образованието

Од своето основање во 1955 година, Бирото за развој на образованието (поранешен Завод) минува низ значајни трансформации во просторот и организацијата, кои ја одразуваат растечката улога на институцијата во образовниот систем.

Во почетокот, Заводот немал сопствени, постојани простори за работа. Тој функционирал на различни локации во Скопје, каде што одделите биле распоредени во повеќе одвоени простории и објекти. Овој распоред овозможувал одделување на секторите, но истовремено претставувал пре-

дизвик за координација и внатрешна комуникација меѓу тимовите.

Со текот на времето, постојана адреса на институцијата станува улицата „Руѓер Бошковиќ" во Скопје. Сместувањето на сите сектори на иста локација значително го подобрува организирањето на работата, ја олеснува соработката меѓу различните тимови и ја зголемува функционалноста на Бирото во извршувањето на своите надлежности.

Покрај главното седиште во Скопје, Бирото развива и мрежа на подрачни одделенија во девет градови низ државата: Велес, Гостивар (Дебар), Кавадарци, Куманово, Охрид (Струга, Кичево), Прилеп (Битола), Струмица, Тетово и Штип (Кочани, Делчево, Берово).





| |
|---|
| Велес - ул. „Наум Наумовски - Борче" бр. 11 |
| Гостивар - ул. „Сретко Крстевски" бр. 34 |
| Кавадарци - ул. „7 Септември" бр. 1 |
| Куманово - ул. „Братство и Единство" 66 |
| Охрид - ул. „Ванчо Николески" бр. 1 (Студентски Дом „Никола Карев") |
| Прилеп - ул. „Егејска" 72-А |
| Струмица - ул. „Ленинова" бр. 23 |
| Тетово - ул. „Ива Рибар Лола" бр.96 |
| Штип - ул. „Васил Главинов" 46 |

**Табела 2 – Адреси на подрачните одделенија**

# Органограм (2025)

Организациската структура претставува темелната рамка за работењето на Бирото насочено кон развој на образованието, прилагодена на современите потреби на образовниот систем, со фокус на стручност, поддршка, развој и континуирано подобрување на квалитетот на образованието.

До 2025 година, Бирото за развој на образованието се утврдува како национална стручна установа со јасна и функционална организациска структура. Оваа структура не е само формален документ, туку огледало на мисијата на Бирото - унапредување на квалитетот на македонското образование.

Во средиштето на институцијата се наоѓаат директорот и заменик-директорот, кои ја водат институцијата и обезбедуваат координација на сите активности. Структурно се организираат секторите и одделенијата, секој од нив посветен на клучните области на дејноста на институцијата.

Органограмот од 2025 година ја прикажува балансираната распределба на надлежности и ја овозможува и хоризонталната и вертикалната координација меѓу различните сектори и одделенија. Со оваа структура, Бирото поттикнува интегриран пристап кон реформите во образованието, обезбедувајќи ја секоја стратешка одлука и секоја иницијатива да се спроведуваат ефективно и целосно.

ОРГАНОГРАМ (2025)


Биро за развој на образованието
Директор
Заменик директор
Сектор за развој на воспитно- образовниот систем и развој на стандарди, наставни планови и програми
Сектор за истражувања во образованието
Сектор за професионален развој на воспитно-образовниот кадар и советодавна стручна работа
Сектор за издавачка дејност
Сектор за следење и евалуација на постигањата на учениците и наставниците
Сектор за логистика
Сектор за финансиски прашања
Одделение за развој на воспитно-образовниот систем и развој на стандарди, наставни планови и програми во пред-училишното воспи-тание и одделенската настава
Одделение за развој на воспитно-образовниот систем и развој на стандарди, наставни планови и програми во предметна наставата во основното образование
Одделение за развој на воспитно-образованиот систем и развој на стандарди, наставни планови и програми во гимназиско образование, уметничко образование и за општообразовни предмети во стручно образование
Одделение за истражување, развој и системски прашања
Одделение за истражувачки проекти и меѓународна соработка
Одделение за професионален развој на воспитно-образовниот кадар
Одделение за советодавна стручна работа
Одделение за издавач-ка дејност и педагошка документа-ција
Одделение за развивање на дигитални содржини и он-лине курсеви
Одделение за следење и евалуација на постигањата на учениците и наставниците
Подрачни одделенија со седиште во Штип, Струмица, Велес, Кавадарци, Куманово, Охрид, Прилеп, Тетово и Гостивар.
Одделение за нормативно-правни и канцелариски работи
Одделение за нормативно-правни и канцелариски работи
Одделение за буџетска координација
Одделение за буџетска контрола
Одделение за сметководство и плаќање
Одделение за управување со човечки ресурси
Одделение за внатрешна ревизија
Одделение за стратешко планирање, креирање политики и следење, анализа

# 3. Основни надлежности и функции

# 3. Основни надлежности и функции

Надлежностите на Бирото за развој на образованието јасно се дефинирани во повеќе закони и подзаконски акти за образование. Низ годините надлежностите на Бирото се прошируваат и продлабочуваат, а функциите опфаќаат широк спектар на активности кои обезбедуваат континуиран развој на образовниот систем.

## 3.1. Изработка на наставни планови и наставни програми

Една од клучните и најзначајни функции на Бирото за развој на образованието претставува изработката, ревизијата и унапредувањето на наставните планови и програми за сите нивоа на образовниот систем – од предучилишното образование, преку основното, до средното образование. Процесот на развој на наставните програми се темели на современи педагошки принципи и е насочен кон постигнување јасно дефинирани резултати од учење, развој на клучни компетенции кај учениците и усогласеност со националните и европските образовни стандарди.

Секоја наставна програма се развива во рамки на транспарентен и инклузивен процес кој вклучува јавни консултации, стручни анализи и експертски рецензии, со цел да се обезбеди висок квалитет, релевантност и применливост на содржините во наставната практика.

Преку овие активности, Бирото има суштинска улога во обликувањето и континуираното унапредување на образовниот систем, овозможувајќи модернизација на наставните пристапи, промовирање на иновативни методи на учење и обезбедување на инклузивно и квалитетно образование за сите ученици. На тој начин, Бирото придонесува кон создавање образовна средина која ги поттикнува критичкото размислување, креативноста и доживотното учење како темелни вредности на современото општество.

### РАЗВОЈ НА ПРЕДУЧИЛИШНОТО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ

Предучилишното воспитание и образование во Република Северна Македонија има длабоки корени и доживува значајни трансформации низ децениите. Неговата социјална и педагошка функција се развива паралелно со општествените и

образовните промени, при што секој период носи нови предизвици, реформи и придонеси кон подобрување на квалитетот на раното учење.

## Почетоци и институционална поставеност (1945-1958)

Во периодот 1945-1958, предучилишното воспитание има претежно социјален карактер и е во надлежност на Министерството за социјална политика. Со преминувањето под Министерството за просвета во 1947 година, постепено се истакнува воспитната компонента, при што вниманието се насочува кон формирање основи за организирано и стручно воспитание на децата  пред започнување на формалното основно образование.

## Интеграција во образовниот систем (1958-1974)

Реформата од 1958 година претставува пресвртна точка во развојот на предучилишното воспитание, со неговото интегрирање како дел од формалниот образовен систем. Ова го поставува темелот за систематско и професионално организирано воспитание на децата. Законот од 1974 година дополнително го регулира опфатот на деца почнувајќи од едногодишна возраст до вклучување во училиштето. Во процесот на предучилишното воспитание активно се вклучуваат стручни лица од различни профили.

## Проширување на мрежата и зголемен опфат (1980-1991)

Во овој период се бележи значителен развој на мрежата на предучилишни установи, особено во урбаните средини. Опфатот на деца се зголемува од околу 12% во 1980 година на 18% до 1991 година. Воспитанието се реализира главно на македонски јазик, но е обезбедено и на албански, турски и на српски јазик за децата од другите заедници. Републичкиот завод за унапредување на образованието и воспитувањето имал клучна улога во развојот на програми, стандарди и дидактички материјали, како и во стручната поддршка и обука на воспитувачите. Во предучилишните установи акцентот е ставен на развој на говорот, на социјализацијата, на поттикнувањето на креативноста и на учењето преку игра.

## Концепциски јакнења и институционална еволуција (1991-2005)

По стекнувањето на независноста, улогата на предучилишното воспитание се зацврстува. Бирото за развој на образованието, како наследник на Заводот, ја презема надлежноста за изработка и ревизија на програми, следење на нивната примена и поддршка на воспитниот кадар. Во овој период се реализираат значајни истражувања, како што е истражувањето за соработка со родителите (1990), кое ја поттикнува отвореноста на градинките кон заедницата.

## Проширување на опфатот и стратешки реформи (2005-2010)

Во оваа фаза, приоритет е зголемување на опфатот на децата, особено во руралните и помалку развиени средини. Со соработка меѓу Бирото за развој на образованието, Министерството за труд и социјална политика и УНИЦЕФ, се направени

анализи за отворање нови градинки и зајакнување на кадарот. Во овој период:

- Изработени се „Основи на програмата за подготвителна година“ (2005) и „Основи на програмата за работа со деца од предучилишна возраст“ (2007);
- Во 2009 година се воведуваат „Стандарди за рано учење и развој“ (0-6 години);
- Организирани се обуки за воспитувачи и негуватели за примената на новите стандарди и програми.

## Фокус на квалитет, инклузија и стандарди (2010-2020)

- Во 2013 година започнува вработување стручни профили (логопеди, дефектолози) во градинките;
- Во 2014 и 2015 година се изработени програми за рано учење и развој, вклучително и за деца со попреченост, базирани на индивидуализиран пристап и игра;
- Бирото учествува во подготовка на правилници за евиденција, стандарди и нормативи;
- Во 2018 година се спроведува национално истражување кое укажува на потреба од донесување закон за предучилишно воспитание и образование, трансфер на надлежности во Министерството за образование и наука и воведување задолжителна подготвителна програма (4-6 години).

## Современи предизвици и дигитализација (2020-2025)

- Се реализираат воспитно-образовни активности на МРТВ, подготвени од Бирото и воспитувачи;
- Со УНИЦЕФ се воведуваат дигитални ресурси, онлајн обуки и информативни брошури преку платформата ЕДУИНО;
- Развиени се два клучни прирачника: „Инклузивна детска градинка/центар за ран детски развој“ и „Прирачник за воспитувачи за учење за животна средина и климатски промени“;
- Бирото учествува во меѓународни обуки и адаптација на алатката MELQO за мерење на квалитетот во предучилишното образование.

## Идни перспективи

Периодот 2005-2025 ја одбележува трансформацијата на предучилишното воспитание во модерен, инклузивен и квалитетен систем. Бирото продолжува со активности насочени кон:

- развој на програма за рано учење и развој;
- дефинирање стандарди за квалитетно предучилишно воспитание и образование;
- издавање стручни материјали и обезбедување континуирана стручна поддршка.

Работата на Бирото за развој на образованието е од суштинско значење за поставување цврсти темели за идниот развој и учење на децата, обезбедувајќи им квалитетен почеток во животот и помагајќи им да ги развијат своите потенцијали.

## РАЗВОЈ НА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Во изминатите педесет години, основното образование во Република Северна Македонија доживеа вистинска трансформација. Од строго централизирано и идеолошки обоено образование до современ, флексибилен систем ориентиран кон ученикот, секоја етапа остави свој белег, а главната улога ја имаше Републичкиот завод за унапредување на образованието и воспитувањето, а потоа и Бирото за развој на образованието.

### Почетоци и воспоставување на структури (1970-1990)

Во седумдесеттите години, основното образование започна да ја гради својата современа структура. Со преминот од седумгодишно на осумгодишно образование, училиштата добиваат нови наставни планови и програми. Наставата се проширува со воведување странски јазици, практични активности и слободни ученички активности.

Заводот внимателно го следи наставниот процес, обезбедувајќи програми и стручна поддршка за наставниците. Целта била јасна: секое дете да добие целосна поддршка во учењето, а наставникот да има алатки за современа и практична настава.

### Концепциска промена: Инклузија и иновации (1990-2005)

Со политичките промени на почетокот на деведесетите, основното образование се отвора кон нови концепти. Инклузивното образование постепено добива поголема улога, со трансформација на специјалните паралелки и училишта, а учениците од прво до трето одделение добиваат описно оценување. Наставата се збогатува преку проектните активности како „Чекор по чекор“, „Активна настава - интерактивно учење“, „Критичко мислење“, „Игри за решавање конфликти“ и „Европска мрежа на училиштата што го унапредуваат здравјето“.

Заводот прераснува во стручна институција која организира обуки, изготвува наставни материјали и ги подготвува наставниците за имплементација на новите идеи. Училиштата стануваат се поотворени, а наставата постепено го вклучува ученикот како активен учесник.

### Деветгодишно образование и ориентација кон Европската унија (2005-2015)

Во учебната 2007/2008 година е воведено деветгодишно основно образование, поделено во три образовни периоди. Наставните планови се реформирани со јасни цели и очекувани постигања, а Бирото за развој на образованието ги подготвува сите новини.

Во овој период се воведуваат национални стандарди за постигањата по Македонски јазик, Албански јазик, Турски јазик и Српски јазик и Математика. Наставата се реализира со помош на методите за активно учење и проектни активности,

а посебно внимание се посветува на изборните предмети, странските јазици и Информатика.

## Современи предизвици (2015-2025)

Последната деценија носи брзи промени во основното образование. Интеркултурното образование започнува интензивно да ја поттикнува соработката и толеранцијата меѓу учениците од различни етнички заедници.

Пандемијата КОВИД-19, пак, отвори нови предизвици но воедно отвори можност за дигитална трансформација со цел непречена реализација на наставата, достапност и унапредување на квалитетот на образованието, преку развивање дигитални материјали, онлајн обуки, национални дигитални учебници и наставни видеа поставени на националната платформа ЕДУИНО.

## Реформа во основното образование

Со новата Концепција за основно образование од 2021 година наставата се реформира преку поврзување на наставните содржини од повеќе предмети и како и воведување описно и бројчано оценување во вториот период од деветгодишното основно образование. Се развиваат национални стандарди за постигањата на учениците на крајот од основното образование базирани на клучните компетенции, со акцент на функционално знаење и социјални вештини.

## Инклузија и поддршка за сите ученици

Во овој период се продолжува со особено внимание за развојот и можностите на учениците со посебни потреби. Програмата за инклузивно образование, поддржана од УНИЦЕФ, овозможува адаптирање на наставата според индивидуалните потреби на секој ученик. Наставните планови и наставните програми за учениците со аутизам, мултихендикеп, пречки во психичкиот развој (интелектуална попреченост), оштетен вид, оштетен слух се прилагодуваат во согласност со реформите во основното образование, со континуирана стручна поддршка од Бирото.

## Стручно усовршување и поддршка на наставниците

Бирото за развој на образованието има водечка улога во професионалниот развој на наставниците. Организирани се обуки за новите наставни програми, за инклузија, дигитализација и оценување. Наставниците добиваа поддршка во менторството, како дел од пошироките реформи во наставничката професија.

## Развој на наставните планови и програми (1955-2025)

Од строгите централизирани наставни планови и програми преку целно ориентирани програми до програми базирани на резултати од учењето и стандарди за оценување, флексибилни и современи, основното образование во Македонија се разви во модерен и инклузивен систем. Бирото за развој на образованието секогаш бил клучен двигател на овие промени, обезбедувајќи стручна поддршка, обуки, мониторинг и унапредување на наставните програми.

### Меѓународни и иновативни програми

Во последните години, наставата доби и меѓународен карактер преку имплементација на Cambridge и ИБ програми. Тие ги поттикнуваат критичкото мислење, истражувачките активности, практичната примена на знаењата и користење на современи технологии. Бирото обезбедува акредитација, усогласеност со националните стандарди и стручна поддршка за наставниците и училиштата.

## РАЗВОЈ НА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Средното образование во нашата држава е во постојан раст и развој, прилагодувајќи се на историските, општествените и технолошките промени. Бирото за развој на образованието има централна улога во планирањето и реализацијата на наставата во овој вид образование со фокус на општообразовната група предмети.

### Почетоци и развој на средното образование (1955-1970)

Гимназиите и стручните училишта се строго поделени според индустриските и административните потреби. Наставата во тој период е насочена главно кон меморирање факти. Во тоа време, Републичкиот завод има централна улога: развивање наставни планови, подготвување наставници и обезбедување поддршка за спроведување на државните образовни политики во секојдневната пракса.

### Насочено образование (1970-1990)

Реформата поврзана со насоченото образование е обид да се зближи училиштето со реалниот живот. Гимназиите добиваат поширок спектар на предмети, а стручните училишта вклучуваат посовремена технолошка основа. Иако целта била интеграција на образованието и работниот процес, централизацијата и ограничената усогласеност со пазарот на трудот довеле до критики. Во овој период, Заводот е ангажиран со методолошка поддршка и евалуација, нудејќи практични решенија за подобрување на квалитетот на наставата.

### Реорганизација на образовниот систем (1991-2000)

Со осамостојувањето на државата во 1991 година, системот се реорганизира: гимназиите, стручното и уметничкото образование добиваат нова форма. Програмите се насочени кон критичко мислење, демократски вредности и потребите на учениците. Педагошкиот завод започнува да вклучува наставници, стручни соработници и универзитетски професори во креирањето на наставни програми, воведувајќи постепено изборност и адаптација на плановите според пазарот на труд.

### Модернизација и европска усогласеност (2000-2010)

Во оваа деценија, законите, како Законот за средно образование и Законот за стручно образование и обука, ја потврдуваат насоката кон компетентно ориентиран образовен систем. Наставните планови добиваат изборни предмети, се воведува надворешно тестирање и државна матура. Струч-



ното образование се модернизира преку проекти како CARDS и VET, а Бирото за развој на образованието станува водечка институција во креирање на наставните програми, развој на наставни материјали и организација на државната матура.

## Дигитална ера и инклузивност (2010-2025)

Последната деценија стави акцент на дигитализацијата, еднаквиот пристап за сите ученици и на квалитетот на образовниот пристап. Гимназиите воведоа нови предмети и дигитални содржини, стручното образование се зајакна преку дуален модел и партнерства со стопанството, а уметничките училишта добија поддршка за наставниот кадар и програмите. Бирото за развој на образованието континуирано адаптира наставни планови според потребите на општеството, пазарот на труд и развојните цели.

## Специјализирани насоки

Спортската гимназија и спортската академија се пример за системски развој на спортското образование. Бирото овде обезбедува развој и ревизија на наставните програми, стручна поддршка

на наставниците и интеграција на воспитни, интеркултурни и инклузивни вредности.

Математичко-информатичката гимназија (МИГ) го надградува гимназиското образование со интензивно изучување на Математиката, Физиката и Информатиката за да можат учениците да стекнат знаења и да развијат аналитички и логички способности. Бирото за развој на образованието има значајна улога во селекцијата на талентираните ученици за овој вид образование.

## РАЗВОЈ НА ИНКЛУЗИВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

### Посебно воспитание и образование

Развојот на посебното воспитание и образование во Македонија започнува веднаш по Втората светска војна, кога општеството се соочува со потребата да обезбеди поддршка за децата со попреченост. Првиот дом за слепи во Битола, е отворен во 1946 година и со тоа е поставен темелот за организирано згрижување и образование на учениците со оштетен вид. Следниот голем чекор е во 1955 година, со основањето на првото стручно-занаетчиско училиште за глуви младинци во Скопје - „Партение Зографски“. Целта на ова училиште е двојна: стручна обука и работна рехабилитација со јасен фокус на социјализација и практични вештини.

### Адаптирање, специјализација, специјални училишти и паралелки

Со донесувањето на Законот за специјалните училишта, се обезбеди право на задолжително основно образование за учениците со попреченост. Во 1956 година се воведуваат првите адаптирани наставни планови, внимателно прилагодени на видот и степенот на попреченост. Наставата постепено се развива од основна писменост кон стекнување практични знаења, што овозможи учениците да се подготват за самостоен живот и работа.

До крајот на седумдесетите од минатиот век, мрежата на специјални училишта значително се проширува. Постојат 8 основни училишта и 18 специјални паралелки при редовните училишта, опфаќајќи повеќе од 1300 ученици. Важно е што над 95% од наставниците во овие установи поседуваа соодветна стручна подготовка, што значително го зголеми квалитетот на образованието.

### Диференцијација и работно оспособување (1980-2005)

Во периодот од 1980 до 2005 година, посебното воспитание и образование се карактеризира со зголемена диференцијација и специјазлизација според видот и степенот на попреченост. Наставните планови се приспособуваа според категоријата на попреченост - ученици со оштетен слух, интелектуални тешкотии, оштетен вид, како и ученици кои се подготвуваат за стручни занимања, при што акцентот се става на практичната работа, односно на работното оспособување.

Бирото за развој на образованието одигрува клучна улога во изработувањето и ревидирањето на наставните планови и програми; во спроведувањето стручни увиди и надзор во специјалните училишта; во организирањето советувања и обуки за наставници и во издавањето стручна литература и прирачници за работа со ученици со попреченост.

По 2000 година системот на посебното воспитание и образование достигнува поголема стабилност, со приближно 1.900 ученици опфатени во наставниот процес и обезбедена едукација за сите категории на попреченост. Особено внимание се посветува на подигнување на стручноста, компетенциите и квалитетот на наставниот кадар, со цел обезбедување на современи и инклузивни образовни практики.

## Инклузивни политики и современи тенденции (2005-2025)

Во последните две децении, посебното воспитание и образование се насочува кон инклузивни политики, во согласност со меѓународните стандарди и Конвенцијата за правата на лицата со попреченост. Законот за основно образование од 2008 година и измените на овој закон во 2019 година, го гарантираат правото на избор на образовна институција за учениците со посебни потреби и го промовира постепеното вклучување во редовните училишта со соодветна поддршка.

Од учебната 2020/2021 година, постојните посебни училишта и паралелки се трансформираат во основни училишта со ресурсни центри и центри за поддршка на учењето. Бирото за развој на образованието беше пред голем предизвик: да осмисли систем на соработка меѓу ресурсните центри и редовните училишта, да утврди компетенции и улоги на образовните асистенти, и да развие насоки за изработка на модифицирани наставни програми за учениците со комплексни потреби. Промените им овозможуваат учениците со аутизам, мултихендикеп, пречки во психичкиот развој (интелектуална попреченост), оштетен вид, оштетен слух да бидат опфатени во редовниот наставен процес и да ги следат задолжителните предмети според наставниот план.

Во средното образование, вниманието се насочува кон развој на стручно образование за ученици со посебни потреби, со цел стекнување практични вештини и подобра интеграција на пазарот на трудот. Се воведуваат програми за доквалификација, преквалификација и постсредно образование, овозможувајќи продолжување на образованието и по завршување на средното училиште.

Бирото за развој на образованието, и покрај ограничените ресурси, континуирано работи на:

- развој на меѓусекторска соработка со министерствата за образование, здравство и социјална политика, со цел да се воспостави целосен училишен пристап (Whole–school approach);
- градење на капацитети во училиштата за развој на инклузивна клима;
- обезбедување системска поддршка на воспитно-образовниот кадар;
- спроведување интервенции на три нивоа: општа поддршка, интензивирана поддршка и посебна поддршка преку модифицирани наставни програми;
- редовни истражувања за учество и напредок на учениците со посебни образовни потреби.

Преку овие системски промени, посебното воспитание и образование се развива од првите институции за згрижување и практична обука кон систем кој нуди инклузивно и квалитетно образование за сите ученици, овозможувајќи им активно учество во општеството.

## УЛОГАТА НА БИРОТО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО ВО ПОДДРШКАТА НА ДЕЦАТА НА ИСЕЛЕНИЦИТЕ

### Зачетоци и поставување основи (1955-1990)

Улогата на институцијата во поддршката на децата на иселениците започнува во 1955 година, кога тогашниот Завод го започнува своето дејствување. Од самиот почеток, целта била јасна – да се создадат услови за изучување на македонскиот јазик за да се зачува културниот идентитет и да се обезбеди пристап до квалитетни образовни материјали за децата на иселениците од сите национални заедници.

Во рамките на поранешна Југославија, Заводот започнува да ја гради поддршката за македонските, албанските, турските, ромските, српските, влашките и другите заедници. Во овој период се изработуваат наставни програми и материјали на мајчин јазик и се организираат семинари за наставници.

### Институционална поддршка и проширување на активности (1990-2025)

Со осамостојувањето на Република Македонија, поддршката на иселениците добива нова димензија. Бирото изготвува наставни програми не само на македонски, туку и на јазиците на другите заедници. Заедно со државни институции и иселенички здруженија во Австралија, Европа, Канада и САД, се реализираат проекти кои овозможуваат квалитетна едукација далеку од татковината. Наставниците добиваат менторска поддршка и обуки, а образованието се дополнува со медиумски ресурси. Од овој период започнува институционалната поддршка и ситемската грижа за изучувањто на македонскиот јазик на децата на исленениците.

Во последните две и пол децении Бирото за развој на образование продолжи со системската поддршка на наставниците и учениците кои се заинтересирани да го изучуваат македонскиот јазик во странство. Направени се измени и дополнувања на наставната програма со што освен содржини за изучување на јазикот предложени се содржини кои се однесуваат на македонското културно наследство, традиција и обележја на земјата во историски, но и во современ контекст.

Меѓу Министерството за образование и наука, Министерството за надворешни работи и Агенцијата за иселеници постои соработка за да се овозможи системска и посеопфатна поддршка во функција на зачувување на културната самобитност.

Благодарение на оваа системска поврзаност, Бирото преку своите надлежности овозможува рамноправен пристап до образование за сите деца на иселениците, без оглед на етничката припадност и го поттикнува нивното поврзување со татковината преку квалитетна и современа едукација.

## ВКЛУЧУВАЊЕ НА ДЕЦАТА ПОВРАТНИЦИ ОД СТРАНСТВО, ДЕЦАТА СО НАДМИНАТА ВОЗРАСТ И ДЕЦАТА СТРАНСКИ ДРЖАВЈАНИ ВО ОБРАЗОВНИОТ СИСТЕМ

Бирото за развој на образованието се грижи и за децата странски државјани, децата без државјанство, децата бегалци, барателите на азил и

децата со статус на привремена заштита. За сите нив се обезбедува право на образование под еднакви услови, со адаптирани наставни програми кои вклучуваат изучување на македонскиот јазик и на кирилско писмо, како и дополнителна поддршка за надоместување на знаењето по определени предмети.

На овој начин, Бирото за развој на образованието овозможува правична, инклузивна и квалитетна поддршка за секое дете, создавајќи образовна средина во која различноста се почитува и каде секој ученик има можност за успешна интеграција.

Интеграцијата на децата повратници од странство и на децата со надмината возраст започнува во 1955 година. Целта била секое дете да има можност за квалитетно образование, без разлика на тоа каде е родено или каде живеело.

## Повратниците без системска поддршка (1955-1991)

Во времето на поранешна Југославија, враќањето на ученици од странство е ретка појава и секогаш се третира индивидуално. Училиштата самостојно се справуваа со нивната интеграција, без системски пристап или јасни процедури. Потребата за посебни мерки и поддршка е препознаена, но недостасува институционална рамка.

## Почетоци на институционална поддршка ((1991-2005)

Со осамостојувањето на Република Македонија и зголемените миграции, се појавува потребата за систематска поддршка на повратниците од странство. Педагошкиот завод започнува да изготвува препораки за изедначување на наставните содржини и адаптација на наставата, како и други форми на поддршка за училиштата. Овој период го означува почетокот на институционалната грижа за учениците кои биле отсутни од редовниот образовен систем.

## Систематизација и зајакнување на поддршката (2005-2025)

Биро за развој на образованието дава системска поддршка преку наставна програма, насоки и правилници со што овие ученици влегуваат во формалното образование. Во училиштата со индивидуална и насочена поддршка овие ученици се интегрираат во образовниот процес.

Во согласност со измените во Законот за основно образование и Концепцијата за инклузивно образование од 2020 година, Бирото промовира инклузивен и интегративен пристап кон наставата, посветувајќи особено внимание на децата кои поради недостаток на финансиски средства имаат потреба од дополнителна поддршка, болест, семејни миграции или работни обврски не започнале или го прекинале образованието. Се воспоставува постапка на запишување на децата коишто не се вклучени во настава, а се со надмината возрасна граница  како и тестови за проверка на знаењата, со цел успешно вклучување во соодветното одделение.

## УЧЕНИЧКИ ДОМОВИ

Бирото за развој на образованието во рамките на своите законски надлежности покрај тоа што ја следи работата на училиштата, ја следи и унапредува и работата на ученичките домови. Во негова надлежност се изготвување на План и програма за

воспитно-образовна работа, упатства за нејзина реализација како и следење и унапредување на работата на воспитувачите и другите стручни кадри. Развојот на ученичките домови во Република Македонија претставува значаен сегмент од воспитно-образовниот систем, кој овозможува пристап до образование за ученици од социјално ранливи категории и од средини со ограничени образовни можности. Мрежата на ученички домови е резултат на систематски пристап на државните институции, со активна стручна улога на Заводот, а подоцна и на Бирото за развој на образованието.

## Почетоци и основни цели (1955-1990)

Ученичките домови започнуваат да се формираат од педесеттите години на минатиот век, за да се обезбеди сместување, исхрана и здравствена грижа за деца од социјално ранливи категории и деца кои останале без родители за време на Втората светска војна.

Во 1975 година, со донесувањето на Програмата за воспитна работа во ученичките домови, а потоа и нејзината ревизија во 1992 година преку Програмата за воспитно-образовна работа, домовите ја зацврстија својата улога како составен дел од образовниот систем. Тие обезбедуваат не само логистичка поддршка, туку и воспитни активности кои придонесуваат за развојот на учениците. Воспитната работа во домовите опфаќа: поттикнување навики за лична хигиена поттикнување на социјално прифатливо однесување, навремено извршување на училишните обврски и активно учество во спортски, културни и креативни активности. Воспитувачите играат важна улога како поддршка во севкупниот развој на учениците.

## Ревизија и осовременување (1991-2005)

Во 1991 година, Педагошкиот завод пристапува кон ревидирање на концептите за функционирање на ученичките домови. Целта е приспособување на воспитно-образовната работа на новите социјални, економски и образовни услови.

Во фокусот на реформите се: создавањето позитивна воспитна клима, осовременувањето на воспитните активности, поголема самостојност и активно учество на учениците во организирани активности.

## Модернизација и европски стандарди (2005-2025)

Во овој период Бирото за развој на образованието ја зајакнува улогата во унапредувањето на воспитната работа во ученичките домови преку континуирана анализа на воспитно-образовната работа, обуки и стручни советувања за кадарот, како и преку промоција промоција на современи педагошки пристапи и употреба на дигитални алатки. На овој начин, Бирото ја задржува својата улога во мониторингот, стручната поддршка и развојот на воспитно-образовните програми во ученичките домови, како и во обезбедувањето насоки за унапредување на воспитната работа, поддршка на социјалната интеграција и развој на компетенциите кај учениците.

Значи, во текот на изминатите седум децении, Бирото за развој на образованието, има континуирана и значајна стручна и советодавна улога во развојот на воспитно-образовната работа во ученичките домови. Иако не е надлежно за нивната организација или финансирање, Бирото придонесува преку развој на програми, стручна поддршка,

обуки, мониторинг и координација, обезбедувајќи континуитет, квалитет и современост на воспитниот процес во домовите низ сите општествени и образовни трансформации.

## ГРИЖА ЗА ОБРАЗОВАНИЕТО НА ВОЗРАСНИТЕ

Образованието на возрасните започнува како приоритет во поранешна Југославија, за да се обезбеди описменување на возрасното население и стручно оспособување за активно учество во општествените и економските промени. Во периодот 1951-1964 година се формираат работнички и народни универзитети како центри за општо (учење основни знаења за јазик, математика, историја, култура), стручно (обука за различни професии или вештини потребни за работа) и општествено (учење за граѓански права, општествени вредности и улогата на човекот во општеството) образование, со курсеви, семинари и дискусии.

Заводот се фокусира на усовршување на наставните планови и програми, организира семинари и други форми за андрагошко-методско оспособување на наставниците, подготвува програми за описменување и стручно ја следи нивната реализација. Заводот врши и педагошки увид во образовните организации за возрасните, соработува со други институции и организации и ја поддржува нивната дејност, вклучувајќи ја и издавачката работа на учебници за возрасните. Така, со цел унапредување на образованието на возрасните во 1964 година се воведува посебен наставен план за основно образование на возрасните, со предмети како мајчин јазик, математика, природни науки и општотехничко и општоекономско образование, со странски јазик како изборен предмет.

До крајот на седумдесеттите години, мрежата на институции за образование на возрасните се шири, опфаќајќи специјализирано основно училиште, работнички универзитети и паралелки во основните училишта.

Во периодот 1980-2005 година, образованието на возрасните се интегрира како составен дел од формалниот систем, а наставните програми и обуките на наставниците се прилагодуваат на потребите на возрасните ученици.

По 2005 година, образованието на возрасните продолжува да се развива во согласност со европските политики за доживотно учење. Основното образование се реализира преку флексибилни форми, додека средното образование се организира во педесетина училишта со програми за стручно образование, доквалификација и преквалификација.

Денес Бирото за развој на образованието активно учествува во развивањето на формалното образование на возрасните што претставува организиран процес на учење кој се реализира врз основа на наставни планови, наставни програми и испитни програми за основно и средно образование, приспособени на потребите и можностите на возрасните и на барањата на пазарот на труд.

## УЛОГАТА НА БИРОТО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО ВО РАЗВИВАЊЕ И ВРЕДНУВАЊЕ НА УЧЕБНИЦИ И МАТЕРИЈАЛИ ЗА УЧЕЊЕ

Од своето основање во 1955 година како Републички завод за унапредување на образованието и воспитувањето, а од 2000 година како Биро за развој на образованието, оваа институција има постојана и клучна улога во креирањето, развојот и

вреднувањето на учебниците и образовните материјали во Република Северна Македонија.

Во првите децении, од 1955 до 1980 година, Заводот ја поставува основата на учебничката политика. Формулирани се општа концепција за учебници и специјализирани концепции за предмети како буквар и читанка, македонски јазик и литература, албански јазик, странски јазици, историја, географија, марксизам и самоуправување, математика, физика, хемија, биологија и општо-техничко образование. Овие концепции се разгледувани и одобрени од Републичкиот педагошки совет, врз основа на кои се изработуваaат учебници и прирачници. Заводот редовно спроведува анализа и вреднување на учебниците, а своите наоди ги доставува до високи државни органи, како ЦК на СКМ и Републичката конференција на ССРНМ.

Документите „Идејните основи на учебниците“ од 1974 година и „Марксистичката заснованост на учебниците“ од 1976 година ја потврдуваат внимателната методолошка работа на Заводот. Советниците дејствува како рецензенти, раководители на комисии и автори/коавтори на учебници. Секојдневно се подготвуваат информации за снабденоста на училиштата со учебници на сите наставни јазици, кои се доставуваат до Републичкиот секретаријат за наука и образование и до Просветно-културниот собор. Заводот, исто така, учествува и на југословенски симпозиуми и во сојузни комисии за наградување на најдобрите учебници.

Во периодот 2005-2025 година, улогата на Бирото се проширува и модернизира. Во согласност со Законот за основно образование и Законот за средно образование, Бирото станува надлежно за подготовка на годишни програми за издавање учебници, додека Министерството за образование и наука организира конкурси, рецензија и одобрување на учебници. Во јуни 2010 година, во соработка со УНИЦЕФ, Бирото издаде „Концепција за изработка на учебник“ - методолошки и дидактичко-инструктивен прирачник на македонски и албански јазик, кој ја постави основата за современ пристап кон учебниците.

Бирото за развој на образование постојано придонесува за континуитет и за квалитет на наставата така што кога учебиците по одредени предмети заради различни причини не се дистрибуираат во училиштата, изготвува материјали за учење по соодветните предмети.

Бирото за развој на образованието има централна улога со стапувањето во сила на новиот Закон за учебници (2025) и ја зацврстува својата стручна и методолошка позиција со изготвувањето на новата Концепција за изработка на учебници и со Методологијата за нивно вреднување.

Овие стратешки документи претставуваат највисоко ниво на стручна регулација, обезбедувајќи критериуми учебниците да бидат научно ориентирани, дидактички ефикасни и во целосно усогласени со најновите наставни програми. Бирото ја користи оваа нова методологија за да се гарантира квалитет и стручност во процесот на рецензија и одобрување на сите идни материјали за учење.

Во текот на петте децении работа и дејствување  на ова поле (1955-2005), Заводот ја постави темелната политика за учебници, а во следните две децении (2005-2025), Бирото ги унапреди методологиите, ги спроведе законските процедури, се прилагоди на современите предизвици и започна дигиталната трансформација на учебниците и

материјалите за учење, обезбедувајќи континуитет, стручност и квалитет во образованиот процес.

## 3.2 Истражувачката дејност на Бирото за развој на образованието

Истражувачката дејност е темелен столб во развојот на образовниот систем во Република Северна Македонија. Од своето основање до денес, Биро за развој на образованието континуирано спроведува истражувања и евалуации за унапредување на наставните содржини, методи и програми.

Во почетокот, Бирото има водечка улога во креирањето и тестирањето на наставните планови, развојот на инструменти за проверка на знаењето и анализа на учебниците. Така се поставувале научни основи за донесување стратешки одлуки и создавање квалитетни образовни материјали.

Со промените во општеството и во образовниот систем во периодот на транзицијата, Бирото ја адаптира својата истражувачка активност кон новите потреби. Интегрирани се европските стандарди, а институцијата активно се вклучи во меѓународни истражувања како TIMSS, PIRLS и PISA. Истовремено, започна градењето на национален систем на евалуација, државна матура и надворешно тестирање на постигањата на учениците.

Во последните две децении, фокусот на истражувањата на Бирото стратешки се проширува за да се креираат политики засновани на податоци/докази преку партнерства со меѓународни организации.

Фокусот на истражувањата се проширува и вклучува теми како инклузивност, родова еднаквост, компетенции на учениците, професионален развој на наставниците и примена на ИКТ во наставата.



**Табела 3: Преглед на спроведени истражувања (2005-2025)**

| Област на истражување | Клучни истражувачки придонеси и резултати |
|---|---|
| Системски реформи (Осн. и Ср. Обр.) | Спроведени се анализи на основното образование и анализи на средното образование со цел реформирање  на тие нивоа од образовниот систем. Овие истражувања доведоа до изготвување и спроведување на Концепцијата за деветгодишно основно образование (2007) и структурни реформи на сите нивоа. Од 2020 година ваков процес на истражувања и имплементација започна да се спроведува во основното и средното образование и сè уште трае. |
| Инклузија и поддршка | Истражувањата за инклузија на деца со посебни образовни потреби и Концепциите за инклузивно образование (2019-2020) резултираа со законски реформи и зголемување на вклученостна овие ученици во редовната настава. |
| Талентирани и надарени | Систем за работа со надарени и талентирани ученици (2011): Овозможија изработка на препораки за идентификација, поддршка и обука на наставници за работа со овие ученици. Ова истражување даде прпораки за развивање на образовани политики за индетификување и работа со надарени и талентирани ученици. |
| Рани години | Анализи за унапредување на предучилишното воспитание и образование во РСМ (2018) Овозможија согледување на предизвиците и дадоа препораки за системски промени. |
| Клучни компетенции | Истражување за финансиско образование (2025): Ги проучува актуелните знаења на учениците и дава насоки за интегрирање на финансиската писменост во наставата. |
| Социјална и воспитна димензија | Истражување за лектирите во основно образование (со цел модернизација на содржините). Ова истражување овозможи да се обезбедат информации за интересите на учениците и нивно поврзување со програмските подрачја од јазик односно литература.<br>Анализи за меѓуетничка интеграција во основното образование: Придонесе кон дефинирање на значањето на принципот на интеркултура во образованиот процес.<br>Истражувања за слободните изборни предмети и за работа во комбинирани паралелки. Врз основа на истражувањата се изготвија насоки за реализација на наставата во комбинирани паралелки и начинот на планирање и организирање на воннаставните активности. |
| Регулатива и дигитализација | Истражување за квалитетот на учебниците што овозможи развивање на Концепција за изготвување  на учебник, како и Методологија за вреднување на учебник (2010/2025).<br>Концепт за образование од далечина (2020). |

Бројноста и разновидноста на истражувањата, анализите и стратешките документи на Бирото ја потврдуваат неговата улога како центар на стручност и иновации во образованието. Преку имплементирање на стратешките документи и годишната програма за работа, Бирото континуирано ги следи целите од Стратегијата за развој на образованието (2018-2025), ги анализира резултатите и насочува активностите кон унапредување на системот на образованието во целина.

## 3.3 Професионален развој на воспитно-образовниот кадар

Професионалниот развој на воспитно-образовниот кадар во Република Северна Македонија има долга и богата историја, која одразува континуиран стремеж кон усовршување и подобрување на образованието. Овој развој се изразува на два паралелни, но меѓусебно поврзани начина - личен и стручен развој. Личниот развој води кон унапредување на социјалните вештини. Стручниот развој се однесува на стекнување и продлабочување знаења и вештини за наставата, дидактичко-методичките пристапи, оценувањето и иновациите во наставата.

Патот на професионалниот развој на наставниците може да се следи низ три значајни периоди.

### Патот на професионалниот развој на наставниците (1955-1980)

Веднаш по основањето во 1956 година, Заводот за унапредување и проучување на школството ја препознава значајноста на професионалниот развој на наставниците. Во 1957 година започнува со работа Центарот за стручно усовршување на наставничкиот кадар, првично сместен во ОУ „11 Октомври“ во Скопје. Во тој период се организираат бројни семинари и советувања за обработка на актуелни прашања во образованието - иновации во наставните содржини, нови наставни средства, медиумска комуникација, употреба на аудио-визуелни помагала и компјутери. Овие активности овозможуваат побрзо и поуспешно учење, како во училиштата, така и надвор од нив. Издавањето на списанието „Педагошки билтен“ и други стручни списанија создава основа за самостојно усовршување на наставниците.

### Улогата на наставниците во воспитно-образовниот процес (1980-2005)

Во овој период се случува постепен премин од традиционалниот кон конструктивистичкиот пристап во образованието. Сè поголемо внимание се посветува на активното учење, на улогата на ученикот како истражувач и создавач на знаење, а не само како пасивен примач на информации. Наставникот сè повеќе станува водич и поддржувач во процесот на учење, со што се создава средина во која учениците учат преку искуство, соработка и решавање проблеми од реалниот живот.

Бирото за развој на образованието активно ги поддржува овие процеси преку издавање стручна литература и прирачници, организирање професионален развој за наставниците, соработка меѓу училиштата, размена на добри практики и учество во проекти, со што се поставува основата за модернизирање на наставничката професија и интегрирање меѓународни педагошки практики.

## Континуиран и интегриран развој (2006-2025)

Од 2006 година па наваму, професионалниот развој на наставниците добива системски и континуиран карактер. Во рамки на проектот за Модернизација на образованието во 2007 година, финансиран од Светската Банка, Кралството Холандија и Владата на Република Македонија, Бирото за развој на образованието изработува Каталог на програми за обука на наставниците. Каталогот вклучува 159 програми од 50 понудувачи, акредитирани од Бирото, а наставниците имаат слобода да изберат обуки во согласност со нивните потреби и амбиции за зајакнување на одредни компетенции.

Со донесувањето на новиот Закон за основно образование во 2008 година, континуираното стручно усовршување за наставниците е законски регулирано, а Бирото за развој на образованието има клучна улога во организацијата, акредитацијата и реализацијата на обуките. Во овој период се инкорпорираат меѓународни добри практики, како Европската рамка за квалитет во наставата (EQF, 2006), препораките од ОЕЦД и регионалните иницијативи за професионален развој (SEECEL, ERI SEE).

Од 2012 до 2016 година, во текот на реализацијата на четиригодишниот проект финансиран од УСАИД и спроведен од МЦГО, е развиен систем за професионален и кариерен развој на наставниците. Проектот резултира со стандарди за компетенции, инструменти за следење и вреднување на наставниот кадар, донесување на законски и подзаконски решенија, како и прирачници и стратешки документи за унапредување на наставничката професија. Овие активности поставуваат темели за кариерен систем кој ја препознава компетентноста, развојот и придонесот на наставниците, овозможувајќи долгорочно унапредување на квалитетот на воспитно-образовниот процес во државата.

## Реализирани акредитирани обуки (2011-2021)

Во периодот од 2011 до 2021 година, Бирото за развој на образованието спроведе серија акредитирани обуки за професионален развој на наставниот кадар во основното и средното образование. Обуките беа насочени кон унапредување на дигиталните вештини, имплементација на содржини за иновации и претприемништво, примена на современи наставни методи, интерактивни техники, како и развој на компетенции во работа со компјутери и основи на програмирање. Дополнително, дел од обуките се однесуваа на физичко и здравствено образование, како и на усвојување на современи стратегии за поучување и учење, со цел наставниците да се подготват за предизвиците на 21 век.

Некои од спроведените обуки вклучуваат:

- „Креирање на едноставни дигитални содржини за примена во наставата“ (основно образование);
- „Имплементација на содржини за иновации и претприемништво во курикулумот во средното образование“;
- „Современи методи во наставата, активно вклучување на учениците и поттикнување на нивната креативност“ (средно образование);
- „Наставна програма по предметот работа со компјутери и основи на програмирање“;
- „Современи концепти на средно образование – новата улога на наставникот и новите стратегии на поучување и учење“.

Во текот на овој период, приближно 40 илјади наставници од основното и средното образование беа вклучени во различни форми на професионален развој. Овие акредитирани обуки обезбедија рамномерни можности за унапредување на наставниот процес и зајакнување на компетенциите на наставниците во целата држава, придонесувајќи кон квалитетно и современо образование.

## Акредитирани обуки во основното образование (2022-2025)

Во септември 2022 година, Бирото за развој на образованието направи значаен чекор во професионалниот развој на воспитно-образовниот кадар во Република Северна Македонија. Тогаш се акредитирани 18 програми за наставници и 4 програми за обука на стручни соработници во основните училишта, создавајќи основа за нивно систематско и континуирано стручно усовршување.

Врз основа на овие акредитирани програми, изготвени се два каталога: Каталог на акредитирани програми за обука на наставници и Каталог на акредитирани програми за обука на стручните соработници. Со овие каталози, наставниците и стручните соработници добија можност самостојно да изберат обуки кои најдобро одговараат на нивниот план за личен и професионален развој, овозможувајќи им континуирано да ги надградуваат своите компетенции.

Резултатите од оваа иницијатива беа впечатливи. Во 2022 година, вкупно 14884 учесници ја надградија својата професионална пракса - од нив 14083 беа наставници, а 801 стручни соработници. Во следната година, 2023, бројот на обучени наставници и стручни соработници остана значаен - 14495 учесници, од кои 13744 беа наставници, а 751 стручни соработници. Трендот на раст продолжи и во 2024 година, кога 15985 наставници и 874 стручни соработници ја искористија оваа можност за развој и усовршување.

Средствата за овие обуки се обезбедени преку Проектот за подобрување на основното образование на Светска банка, што ја потенцира меѓународната поддршка и значењето на континуираниот професионален развој како клучен фактор за квалитетно образование. Преку овие активности, Бирото за развој на образованието го зацврсти својот статус како центар за стручност и поддршка на наставниците и стручните соработници, овозможувајќи им секогаш да чекорат напред во својот професионален пат.

## Акредитирани програми во средното образование (2022-2025)

Во делот на средното образование, Бирото за развој на образованието продолжи да ја унапредува професионалната подготовка на наставниците и стручните соработници преку акредитирани програми за обука, со фокус на актуелните предизвици и потреби во наставната практика.

Во 2023 година, акцентот беше ставен на безбедноста и благосостојбата на учениците. Бирото акредитираше програма за обука на тема „Начини на превенција и справување со насилството во училиштата“, наменета за наставниците кои реализираат настава во гимназиско образование, уметничко образование, спортска академија и училишта за образование на ученици со попреченост. Преку оваа обука беа опфатени вкупно 2925 наставници, кои се стекнаа со практични знаења и вештини за создавање безбедна и поддржувачка училишна средина.

Следната година, 2024, вниманието се насочи кон дигитализацијата на наставата. Акредитирана беше програма за обука на тема „Дигитални вештини кај наставниците во функција на наставата“, која се однесуваше на следење на учениците, решавање проблемски ситуации и истражувачки активности. Обуката опфати 2001 наставник од средните стручни училишта, овозможувајќи им да ги интегрираат дигиталните алатки во својот секојдневен професионален ангажман.

Во 2025 година, акцентот беше ставен на приоритетни програми за обука наменети за наставници, стручни соработници и кариерни советници, со цел дополнително унапредување на компетенциите на воспитно-образовниот кадар. Меѓу акредитираните програми беа:

- „Примена на дигитални алатки за интерактивна и персонализирана настава“ за наставници во средните училишта;
- „Поттикнување одржлив начин на размислување кај учениците за решавање на глобалните еколошки предизвици“ за наставници;
- „Зајакнување на вештините на стручните соработници за советување за професионална и кариерна ориентација кај учениците“ за стручните соработници и кариерни советници.

Паралелно со професионалниот развој, Бирото активно ја поддржува и можноста за кариерен развој и напредување во звања. Според Законот за наставниците и стручните соработници, наставниците можат да напредуваат во звањата „наставник ментор“ и „наставник советник“, додека стручните соработници можат да станат „стручен соработник ментор“ или „стручен соработник советник“. Напредувањата претставуваат поттик за професионален раст и се насочени кон унапредување на квалитетот на наставата и меѓусебната поддршка меѓу колегите. Наставниците со повисоки звања преземаат водечка улога во организирање обуки, менторирање и споделување на добри практики, придонесувајќи за колективниот развој на училиштата и на образовниот систем во целина.

Во рамки на овие процеси, Бирото за развој на образованието активно ги следи и вреднува кандидатите за напредување. Во 2022 година, 59 кандидати за наставник - ментор беа следени и добија оценка за исполнетост на професионалните стандарди, а во 2023 година истиот процес го поминаа 32 кандидати. Овие оценки беа доставени до Министерството за образование и наука како основа за официјално признание на нивното звање.

Со цел дополнително да се поддржи кариерниот развој и дигиталната едукација, во 2025 година беше создадена дигитална алатка за самоевалуација на наставниците и собирање податоци од училиштата за личниот план за професионален развој. Алатката ја олеснуваше самоевалуацијата, обезбедуваше систематско прибирање на податоци и помагаше во поефикасно планирање на развојот на наставниот кадар. Овој проект, наречен „EmpowerED: дигитално самооценување за наставници и план за професионален развој“, беше спроведен од СмартАП – Лабораторија за социјални иновации во партнерство со Детската фондација Песталоци, а во соработка со Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието.

Преку овие активности, средното образование во Република Северна Македонија ја зацврсти својата визија за континуиран професионален развој, дигитализација и кариерен раст на наставниците и стручните соработници, овозможувајќи им да ја надградат својата практика и да придонесат за современо и квалитетно образование.

## 3.4 Обуки, семинари и работилници

Бирото за развој на образованието активно учествува и обезбедува поддршка во различни национални и меѓународни проекти, со цел унапредување на компетенциите на наставниците и подобрување на квалитетот на образованието. Овие активности (1955 - 2005) се реализираат во согласност со актуелните образовни политики и реформски процеси, што овозможува успешна имплементација на новите наставни програми и методологии на работа во наставата.

Бирото за развој на образованието, како централна институција за поддршка на наставниот кадар во основното образование, активно организира обуки, семинари и работилници, прилагодени на новите наставни програми и методологии на работа.

Процесот почнува постепено со прво одделение, и се проширува паралелно со етапното воведување на наставните програми по сите одделенија. Целта е јасна - наставниците да добијат стручна поддршка и практични насоки за успешна и кохерентна примена на концепциските насоки во секојдневната наставна пракса. Со секоја нова обука, наставниот кадар ја зголемува својата компетентност и е подготвен да ги воведе иновациите во училницата.

Заклучно со периодот од 2005 до 2025 година, овие обуки и работилници имаа особена важност во спроведување на реформските процеси во образованието. Преку континуирана поддршка, наставниците се оспособуваа да применуваат иновативни пристапи при реализација на новите наставни програми и да обезбедат подобри резултати во учењето на учениците.

За да ги прошири можностите и да воведе иновативни пристапи, Бирото за развој на образованието соработувало со национални и меѓународни партнери, меѓу кои УСАИД, УНИЦЕФ, Британскиот совет и други релевантни организации. Ова партнерство овозможи воведување на современи дигитални и методолошки компетенции, поддршка за наставниците во користење на нови алатки и техники, како и приближување на наставата до меѓународните стандарди.

Преку оваа широка мрежа на соработка и континуираната организација на обуки, семинари и работилници, Бирото создаде услови за современо, иновативно и ефективно образование. Наставниците добиваат постојана поддршка, учениците добиваа подобри образовни искуства, а образовниот систем се приближува кон постигнување на националните и меѓународните цели и стандарди.

## 3.5 Стручно-советодавна поддршка

Стручно-советодавната поддршка има долга и богата историја во развојот на воспитно-образовниот процес во Република Северна Македонија. Непосредниот педагошки увид уште од основање-

то на Заводот за унапредување и проучување на школството претставува клучен инструмент за унапредување на квалитетот на наставата. Во раните години, до 1974 година, овие увиди се реализираа главно преку општинските и меѓуопштинските заводи, додека Републичкиот завод обезбедувал поддршка во делот на теоретската и практичната настава.

По 1974 година, со законски решенија, Републичкиот завод ја презема примарната улога во педагошкиот увид во училиштата за насочено средно образование. Во периодот од 1974 до 1990 година, преку целосни, групни и индивидуални увиди се опфатени повеќе од 300 училишта. Се следи примената на наставните планови и програми, методите и средствата на наставата, оценувањето, како и снабденоста со учебници. Извештаите од увидите систематски се доставувани до релевантните институции кои вршеле потребни интервенции за подобрување на наставата. И покрај ограничувањата во човечки и материјални ресурси, оваа активност значајно придонесува кон подобрување на квалитетот на образованието и зголемување на општиот успех на учениците.

Со именување на Заводот како Бирото за развој на образованието, стручно-советодавната поддршка добива системски и современ контекст. Целта е јасна – унапредување на квалитетот на воспитно-образовниот процес во детските градинки и во основните и средните училишта, како и успешна реализација на образовните политики и создавање продуктивна клима во градинките и во училиштата.

Стручно-советодавната поддршка што ја обезбедуваат советниците од Бирото за развој на образованието претставува динамичен и континуиран процес на професионално насочување, менторство и партнерска соработка со воспитувачите, наставниците, стручните соработници и директорите на градинките и училиштата. Поддршката се реализира преку повеќе форми: следење на спроведувањето на програмите и реформските процеси, советување при планирање и имплементација на иновативни наставни методи, поддршка на воспитувачите, наставниците и наставниците почетници, развивање на инклузивни практики, внатрешна евалуација, како и преку организација на обуки, менторства, работилници и стручни совети. Советниците даваат и насоки за подобрување на училишното лидерство, развојните планови и управувањето со училиштето, при што директорите се поддржани во градење визија за квалитетна и иновативна училишна клима. Поддршката не се сведува само на еднократни посети или административно известување, туку опфаќа систематско следење, анализа и унапредување на наставната и училишната практика преку дијалог, консултации и заедничко решавање проблеми. Советниците ја темелат својата работа на принципите на професионален развој, самоевалуација и акционо истражување, помагајќи им на училиштата да ги преточат препораките во конкретни активности и мерливи резултати. Поддршката се спроведува и преку индивидуално советување, тимска работа, тематски анализи, подготовка на стручни материјали и развој на пример-модели на добри практики. На тој начин, советниците не се само надворешни набљудувачи, туку вистински партнери во развојот на училиштата, кои ја поттикнуваат културата на континуирано учење, професионален раст и развој и одговорност за квалитетот на воспитно-образовниот процес.

Во услови на дигитализација и глобални предизвици, Бирото се прилагодува во својот пристап  на давање насоки и препораки во организацијата и реализацијата на наставата. За време на пандемијата (2020-2021), обезбедува стратешка поддршка преку упатства за онлајн настава, обуки за дигитални алатки, ТВ-настава и адаптирани наставни програми со здравствени протоколи. За да се следат ефектите од овие активности, Бирото користи различни инструменти - анкети за самоевалуација, теренски посети, набљудување на наставата и соработка со училиштата и локалните самоуправи.

Истовремено, Бирото изготвува документи коишто ја поддржуваат практиката на стручно-советодавна поддршка, како што се „Насоки за следење и поддршка на наставниците при имплементација на новите наставни програми“ (2021) и „Методологија за следење на ефекти од обуки“ (2022).

Со нив се обезбедува континуирано следење на влијанието од обуките, идентификување на добри практики и дефинирање на области за унапредување, со што се создава одржлив и квалитетен развој на наставниот кадар.

И покрај предизвиците – недоволен број на советници, ограничени ресурси, отпор кон промени и нееднаква дигитална подготвеност, Бирото за развој на образованието останува клучен чинител во образовната реформа.

## 3.6 Следење и вреднување на постигнувањата на учениците и наставниците

Од самиот почеток на своето постоење, Бирото за развој на образованието го гледа следењето и вреднувањето на постигнувањата како суштински дел од својата мисија. Во период кога образованието се развива, овие процеси не се само формални чекори, туку алатки кои овозможуваат вистинско подобрување на наставата и поддршка за професионалниот развој на наставниците.

Оценувањето во Република Македонија главно се вршело со бројчана скала од 1 до 5. Оваа традиционална практика ја следи селективната функција - учениците се рангирале и проверувале за репродукција на знаења, а наставата се фокусирала на усна проверка и меморирање. Сепак, со развојот на педагошките пристапи во седумдесетите и одумдесетите години, се појавува потребата оценувањето да стане континуиран процес коешто ќего  поттикнува учењето, а нема да претставува процес каде што ќе се меморираат само податоци. Законите и наставните програми почнуваат да го дефинираат оценувањето како алатка која ја поддржува конструктивната улога на наставата, воведувајќи диференцирани критериуми според предметите и различните компоненти на постигањата.

Бирото за развој на образование активно учествува во развојот на системите за оценување. Се изготвуваат прирачници, се организираат обуки и се даваат стручни совети за наставниците, поттикнувајќи објективност и праведност во вреднувањето. По осамостојувањето на Република Македонија, реформите се продлабочуваат, се воведуваат стандарди за оценување, завршни проверки и си-

стеми за формативно оценување со цел ученикот да биде во центарот на наставниот процес.

На почетокот на 2000-тите, националното оценување станува клучен чекор за обезбедување валидни и релијабилни податоци за постигањата на учениците. Првото национално оценување во одделенска настава во 2001 година, во соработка со експерти од Холандија, овозможува точно мапирање на знаењата по македонски јазик, албански јазик и математика. Врз основа на резултатите Бирото за развој на образование разви стандарди за постигањата на учениците со што ги дефинира очекуваните нивоа на усвојување на знаења и вештини.

Потоа националното оценување се прошири и на други наставни предмети и во V (петто) и VIII (осмо) одделение, со што се поставија темелите за систем за екстерна евалуација кој ќе обезбедува објективни и споредливи податоци.

Пандемијата со КОВИД-19 донесе дополнителни предизвици, но Бирото веднаш реагираше со препораки, дигитални алатки и обуки за наставниците, обезбедувајќи континуитет на оценувањето и повратната информација на учениците.

Во текот на својот раст и развој, Бирото ја развива Концепцијата за државно тестирање, насочена кон клучните компетенции по мајчин јазик и математика, со цел учениците да се подготвени за доживотно учење. Иако имплементацијата ја води Државниот испитен центар, Бирото останува водечка институција во развојот, координацијата и усогласувањето на тестирањето со националните стандарди.

Истовремено, Бирото ги следи и меѓународните трендови и резултати од тестирањата како ТИМСС, ПИСА и ПИРЛС, користејќи ги податоците како основа за образовни реформи, подобрување на квалитетот и развој на практични вештини кај учениците.

## 3.7 Издавачката дејноста на Бирото за развој на образованието

Издавачката дејност на Заводот за унапредување и проучување на школството, кој подоцна прерасна во Бирото за развој на образованието, има долгогодишна и значајна улога во развојот и унапредувањето на образовната документација во Република Македонија. Од самите почетоци еден од приоритетите е обезбедување унифицирани обрасци за административната и педагошката документација во училиштата. Особено внимание се посветува на свидетелствата, кои се официјален документ за запишување, преминување и завршување одредено ниво на образование.

Во првите децении по основањето, свидетелствата се подготвуваа во согласност со упатствата на тогашното Министерство за просвета, а печатењето се организира преку државната печатница „Нова Македонија“. Обрасците се унифицирани за сите основни училишта и содржат основни податоци за ученикот, оценките и конечниот успех. Овој модел се користи до почетокот на осумдесетите години од 20-от век, кога по спроведената анализа на наставните програми и педагошката документација, е утврдено дека е потребно нивно унапредување.

Со осамостојувањето на Република Македонија во 1991 година продолжуваат промените во образовниот систем. По прекинот на издавањето на „Билтенот“, во 1995 година Заводот почнува да

објавува ново периодично списание за теорија и практика во воспитанието и образованието насловено како „Образовни рефлексии“, кое давало простор за стручни анализи, иновативни практики и размислувања за образовните политики. Со тоа се одржувало континуитетот на стручната публикациска дејност и се зајакнува поврзаноста меѓу образовните политики и училиштата. На тој начин има континуитет во стручната публикациска дејност на Заводот со содржини од актуелни теми, теми од наставната теорија и практика и информации за теоретски прашања од еминентни стручни и научни работници од различни области.

Во 1995 година е донесен нов Закон за основно образование и Правилник за начинот на водењето, формата и содржината на педагошката евиденција и документација во основното училиште со што се поставуваат темелите за педагошката евиденција и документација. Преку конкретни насоки за изработка и прилагодување на документите со законските и со подзаконските акти, а во согласност со Законот за Бирото за развој на образованието (2006) во делот на издавачката дејност се регулира изработката на обрасците од педагошката евиденција и документација за основното и за средното образование.

Во периодот од 2000 до 2007 година, со усвојувањето на Концепцијата за деветгодишно основно воспитание и образование, се пристапува кон изработка на нови обрасци за педагошка евиденција и документација за основното образование. Документите се усогласени со наставните планови и со Концепцијата и се приспособени на новата структура во основното образование, при што се изработени обрасци за трите периоди во основното образование.

Бирото за развој на образованието, во согласност со своите надлежности, спроведува јавни набавки за печатење и бесплатно доставување на педагошката евиденција и документација до сите основни и средни училишта во Македонија. Исто така, дава поддршка во начинот на водење на педагошката евиденција и документација, како и во процесот на пополнување, користење и нејзино чување на сите јазици на кои се реализира наставата во основното образование (македонски, албански, турски, српски и босански јазик) и во средното образование (македонски, албански, турски и српски јазик). Дел од обрасците се достапни и на интернет страницата на Бирото за развој на образованието, што придонесува за транспарентност и достапност. Со Законот за изменување и дополнување на Законот за основното образование (2011) се дава нова насока во делот од педагошката документација и евиденција, а тоа е училиштата да водат и е-дневник.

Издавачката дејност на Бирото за развој на образованието, претставува значаен столб во поддршката на образовната политика и успешната примена на сите образовни реформи, преку издавање: наставни програми за основно и средно образование, извештаи, дидактико-методски упатства за наставата, прирачници за планирање и подготвка на наставата, анализи за развој на образованието, материјали за учење, монографски и сериски публикации, каталози, тестови на знаења, практикуми  и други стручни дела во електронска или во печатена форма.

# 4.

# Бирото за развој на образованието како центар на стручност

# 4. Бирото за развој на образованието како центар на стручност

Од своето основање во 1955 година Биро за развој на образованието, постепено се развива како национален центар на стручност во областа на образованието. Неговата приказна е приказна за постојан развој, прилагодување на новите потреби на образовниот систем и усогласување со современите европски и светски трендови во воспитанието и образованието.

## Поставување на темелите на стручноста (1955-1990)

Во првите три и пол децении од своето постоење, Заводот ја изгради својата репутација како клучен стручен и институционален чинител во образовниот систем. Тој имаше водечка улога во изработката на наставните планови и програми, во организирањето на стручната подготовка и континуираното професионално усовршување на наставниот кадар, како и во следењето и оценувањето на квалитетот на наставниот процес. Во овој период, преку својата издавачка дејност - особено преку стручни списанија, упатства и прирачници - Заводот обезбедува релевантни и применливи ресурси што им помагаа на наставниците во унапредувањето на наставната практика.

## Преобразба и адаптација во нови услови (1991-2000)

Со стекнувањето на независноста, Република Македонија се соочува со нови предизвици и општествени промени, а Заводот се адаптира и го проширува своето дејствување. Тој активно се вклучува во процесот на демократизација и хуманизација на воспитно-образовниот процес, воведувајќи нови содржини во наставата, како што е граѓанското образование.

Во овој период, стручната поддршка се интензивира преку обуки и советувања со наставниците, со цел нивна поблиска поврзаност со реформските процеси. Исто така, Заводот започнува да соработува во рамките на регионални и меѓународни иницијативи, пренесувајќи добри практики и нови методолошки пристапи во македонското образование.

### Бирото како национална реформска и стручна институција (2001-2025)

Во новиот милениум, Бирото за развој на образованието се развива во современа институција која ги води образовните реформи. Бирото креира и ревидира наставни програми со фокус на учење насочено кон учениците и развој на компетенции, воведува концепти на формативно оценување и обезбедува модели и ресурси за успешна имплементација на наставата.

Бирото, исто така, игра клучна улога во создавањето на образовни стандарди, поддржува инклузивно образование и меѓуетничка интеграција, како и користење на дигитални технологии во наставата. Со поддршка од меѓународни партнери како УНИЦЕФ, УСАИД и Европската Унија, Бирото реализира бројни проекти за развој на современа педагошка пракса.

Во учебната 2020-2021 година Бирото учествува во креирањето на  Националната платформа за далечинско учење и во креирањето прирачници за наставниците и учениците, обезбедувајќи непречен образовен процес дури и во услови на криза.




### Институција на стручност и партнерство

Во текот на седум децении, Бирото за развој на образованието станува институција за истражување и развој на образовните политики, партнер на Министерството за образование и наука, и место каде што се спојуваат искуства на наставници, практичари и научници. Неговата дејност се протега од изработка на стручни документи и прирачници, преку организирање обуки, до развој на модели и анализи кои придонесуваат за континуиран професионален развој на наставниот кадар.

Од 1955 до 2025 година Бирото постепено ја гради и проширува својата стручност, обезбедувајќи современ, квалитетен и инклузивен образовен систем. Како национален центар на стручност, тој останува еден од носителите на реформите и главен поддржувач на наставниците во нивната професионална и педагошка улога.

## 4.1 Стручен кадар: советници, соработници

### Почетоци на советничката служба (1955-1990)

Во првите децении, работата во Педагошкиот завод се темели на мал, но високо квалификуван тим на наставници, педагози и учители со искуство во практичната настава. Тие, тогаш најчесто именувани како инспектори или советници, биле задолжени да ја следат наставата на терен, да подготвуваат наставни планови и програми и да

даваат стручни насоки на училиштата низ целата земја.

Советниците се организирани според наставни области - јазично, општествено, природно-научно, математичко, техничко, уметничко образование и воспитание - и преку подрачните заводи обезбедуваа директна поддршка за наставниците. Тие биле мостот помеѓу националните програми и секојдневната практика во училниците, овозможувајќи наставата да се развива систематски и со висок стандард.

## Преиспитување и трансформација на улогата (1991-2000)

Со реформите во образовниот систем во текот на деведесеттите години, улогата на советниците претрпува значајна трансформација – од инспекциско-набљудувачка кон партнерска и развојно-ориентирана функција. Во овој период, советниците сѐ поинтензивно се вклучуваат во процесите на обновување и реформирање на наставните програми, организираат стручни обуки за наставници, развиваат концепти за активно учење и за унапредување на наставната клима, како и за поттикнување инклузивни и демократски образовни практики. Овој период претставува пресвртница во развојот на советничката служба, која од институција со контролна улога се преобразува во поддржувачки и менторски сервис што придонесува за континуиран професионален развој на наставниците и унапредување на квалитетот на училиштата.

## Професионализација и мултидисциплинарност (2001-2025)

Со трансформацијата на институцијата во Биро за развој на образованието, советничката служба се структурира појасно, со јасно дефинирани профили според предметните области. Улогата на советниците е проширена и опфаќа:

- развој на наставни планови и програми;
- подготовка на прирачници и методички материјали;
- организирање и водење на обуки, семинари и работилници;
- стручна поддршка на училиштата во процесот на самоевалуација и развој;
- учество во национални и меѓународни проекти;
- следење и анализа на наставната пракса.

Покрај советниците, Бирото вклучува и стручни соработници - психолози, педагози, дефектолози и ИКТ експерти - кои ја дополнуваат интердисциплинарната димензија на образованието и придонесуваат во обликувањето на современи едукативни политики.

Советниците и соработниците станаа автори и коавтори на наставни програми, упатства и прирачници, рецензенти на учебници, ментори во обуки и иницијатори на иновации во наставата. Тие секојдневно комуницираат со наставници, директори и родители, што ја прави нивната улога суштинска за успешна имплементација на образовните политики.

### Развој на советничкиот профил

Во текот на своето постоење, Бирото за развој на образованието постојано го унапредуваше професионалниот профил на своите советници и соработници. Од првите чекори на советодавната служба до современите стандарди на стручното усовршување, се градела традиција на посветеност, стручност и одговорност кон образовната мисија.

Денес, советниците претставуваат синоним за професионалност и компетентност. Тие:

- имаат завршено високо образование со наставен профил и богато практично искуство;
- постојано се надградуваат преку обуки за иновации во наставата, современи методи на оценување, инклузивно образование и примената на ИКТ;
- објавуваат стручни трудови, презентираат на национални и меѓународни конференции и активно придонесуваат во стручното и научното поле;
- континуирано се усовршуваат, како во земјата, така и во странство.

Советниците и соработниците се темелниот столб на стручната работа на Бирото. Со своето знаење, искуство и несебична посветеност тие ја поврзуваат националната образовна политика со реалноста во училиштата, придонесувајќи за квалитетен воспитно-образовен процес и поддршка за секој наставник и ученик.

Нивниот придонес низ годините ја претвори советодавната дејност во двигател на современи образовни промени - мост меѓу визијата за образование и секојдневната наставна практика.

## 4.2 Воспоставување професионални стандарди

Современото образование постојано се соочува со предизвици - од брзите промени во општеството и технологијата, до растечките очекувања за квалитетна настава. Во центарот на оваа сложена мрежа на барања се наоѓа наставниот кадар, чие знаење, вештини и професионално однесување ја одредуваат вредноста на целиот образовен процес. За да се обезбеди висок квалитет и ефикасност, потребно е да се воспостават јасни и применливи професионални стандарди.

Бирото за развој на образованието, со својата долгогодишна стручна експертиза, се постави како природен носител на овој процес. Преку децении на истражување, анализа и непосредна работа со училиштата, Бирото има развиено систем на професионални стандарди кои служат како основа за континуиран развој на наставниот кадар и подобрување на образованието како целина.

Професионалните стандарди создадени од Бирото обезбедуваат:

- јасни очекувања од наставниците во поглед на знаење, вештини и професионално однесување;
- поттикнување на одговорност и етичко работење во наставата;
- основа за објективна евалуација и унапредување на наставниците;
- обезбедување на квалитетна и правична настава за сите ученици.

Бирото ја води оваа трансформација преку постепен процес: од идентификување на потребите во училиштата, преку истражувања, анкети и повратни информации, до создавање стручна рамка на компетенции со активно вклучување на експерти, наставници и образовни институции. Следува развивање на практични насоки во вид на документи и обуки за нивна примена, а процесот се дополнува со континуирано следење, евалуација и ажурирање на стандардите во согласност со новите образовни и технолошки трендови.

Професионалните стандарди ги опфаќаат клучните области на наставничката професија:

- Педагошки компетенции - способност за планирање, организирање и спроведување на настава;
- Комуникациски и социјални вештини - соработка со ученици, родители, колеги и други партнери;
- Континуиран професионален развој - активно учество на обуки, семинари и самоусовршување;
- Етички и професионален однос - почитување на различностите, инклузивност и одговорност.

Примената на овие стандарди носи видливи придобивки за целиот образовен систем:

- подигнување на угледот на наставничката професија;
- подобрување на ученичките постигнувања;
- поефикасна организација на наставниот процес;
- поголема отчетност и транспарентност;
- како и формирање култура на квалитет и учење во училиштата.

Сепак, процесот на воспоставување и спроведување на професионални стандарди не е без предизвици. Бирото се соочува со потребата од обезбедување доволно ресурси за обука и мониторинг, вклученост на наставниот кадар во креирањето на стандардите, и прилагодување на стандардите според различните нивоа на образование. Преку овие предизвици се потврдува суштинската улога на Бирото како стратешки центар за квалитет и стручност во образованието, институција која не само што креира правила, туку и го поддржува нивното успешното спроведување во секое училиште.

# 5. Соработка на национално и меѓународно ниво

# 5. Соработка на национално и меѓународно ниво

Од своето основање во 1955 година, а денес Бирото за развој на образованието, постојано работи на воспоставување и развој на соработка на национално и меѓународно ниво. Оваа соработка е клучен елемент во развојот на современи, инклузивни и квалитетни образовни политики.

## 5.1 Соработка на национално ниво

Во првите децении, особено во периодот на СФРЈ, соработката се одвивала главно со сродни институции во другите републики, учителски школи, факултети, педагогшки институти и републички заводи. Се разменувале искуства, се организирале стручни собири, се ускладувале наставни планови и програми.

По 1991 година, Педагошкиот завод, а подоцна Бирото за развој на образованието, ја зајакнува улогата како централна стручна институција, вклучена во иницирање и координација на проекти со национални институции, универзитети, НВО-секторот, здруженија на наставници и училишта.

Бирото активно соработува со тела, институции и организации кои влијаат врз образовните политики. На пример, Бирото има потпишано меморандуми за соработка со Народна банка на Република Македонија, со Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување - МАПАС, и со ЏА Македонија за развивање на претприначкото и финансиското образование и за зголемување на нивото на пензиска свесност. Бирото е член на националниот Совет за заштита на потрошувачите и со свои активности учествува во националната Програма за заштита на потрошувачите. Исто така, меморандум за соработка Бирото има потпишано со организации на Обединетите нациии како на пример: УНФПА, УНОДС, УНИЦЕФ за спроведување на заеднички активности со цел унапредување на значајни аспекти во предучилишното, основното и средното образование. Секако значајно е да се истакнат и официјализираните соработки со граѓански организации како Маргини, Македонија 2020 и други.

Преку ваквите соработки, се иницираат и реализираат активности, меѓу кои:

- Мултиетничка соработка (2011-2022) - Во 27 училишта и 9 општини, преку соработка со МЦГО и „Песталоци“, беа спроведени активности, заеднички наставни и воннаставни активности, за поттикнување на толеранција меѓу учениците од различни етнички заедници.
- Мировно образование (2011-2024) програма на првата детска амбасада во светот „Меѓаши“. Бирото активно учествува во широк спектар на теми како ненасилство, техники за трансформирање на конфликти, демократија, разоружување, различности, идентитети, соживот, родова еднаквост, човекови права, одговорност за животната средина, комуникациски вештини итн.
- Сеопфатно сексуално образование (2018-2021) - Бирото во соработка со граѓанската организација ХЕРА изработи модел за пилотирање на сеопфатно сексуално образование (ССО) во формалното образование. Како дел од изборните предмети, ССО е пилотирано во четири основни училишта. Во 2021 година е извршено мерење на ефектите од пилотирањето и е направено ревидирање на програмата со наслов Сексуално образование и се изготви прирачник за наставници за реализација на предметот како слободен изборен предмет во деветто одделение.
- „Медена земја“ (2020) - По иницијатива на Владата, Бирото учествуваше во имплементацијата на едукативен пакет во кој се влучени главните пораки од документарниот филм, кој беше вклучен во наставата во 14 општини во Брегалничкиот регион.
- Оптимизација на училишната мрежа (2025) - Бирото обезбеди експертска и методолошка поддршка за оптимизација во 23 општини, вклучувајќи консултации со наставници, директори, родители и ученици. Целта беше подобрување на ефикасноста и пристапот до квалитетно образование.

Овие активности ја потврдуваат улогата на Бирото како координатор и стручна поддршка во развојот на инклузивни, одржливи и современи образовни политики на национално ниво.

## 5.2 Меѓународна соработка

По 2000 година, меѓународната соработка на Бирото се интензивира, со учество во проекти финансирани од ЕУ, УСАИД, УНИЦЕФ, Советот на Европа и други партнери. Целта е зајакнување на капацитетите на наставниот кадар и развој на иновативни практики, со кои образовниот систем се

приближува до европските стандарди и глобалните трендови.

Некои клучни иницијативи се:

- **2005-2007:** „Е-школо“: Дигитална трансформација преку опремување на училишта со ИКТ и обуки за наставници, проект поддржан од УСАИД.
- **2005-2008:** „Дијалог и помирување“: Мултиетничка интеграција преку развој на билингвални кабинети и интегрирани училишта, во соработка со Нансен Дијалог Центар.
- **2009-2015:** Програми за финансиска инклузија, намалување на рано напуштање на училиштето и развој на Националната рамка на квалификации (НРК), со поддршка од Светска банка и ЕУ.
- **2014-2016:** Реформи во наставата по математика и природни науки со Универзитетот Кембриџ, фокусирани на критичко размислување и интерактивно учење.
- **2016-2020:** „Оценување за учење“ (Erasmus+): Воведување на формативното оценување како стандард во наставата. Паралелно, поддршка на младинско претприемништво преку Erasmus+, INN@SEE и SEED програми.
- **2018-2025:** Промоција на инклузивност, демократска култура и интеркултурно образование во рамки на Стратегијата за образование, во партнерство со Советот на Европа.
- **2018-2020:** Со Еразмус+ проектот „Подобрување на квалитетот на физичкото образование во основното образование и презентирање на неговото значење и важност за здравјето и добросостојбата на идните генерации“, Бирото придонесе во развојот на тандем-настава помеѓу одделенски и предметни наставници.
- **2019-2021:** „Училишта на 21 век и микробит“: Развој на дигитални вештини и примена на ИТ во наставата, обуки за наставници, директори, инспектори и советници со Британскиот совет.
- **2019-2022:** Обуки за заштита на деца од трговија со луѓе, со околу 1.900 обучени наставници и стручни соработници, во соработка со Совет на Европа.
- **2019-2022:** Бирото учествуваше во проекти за интеграција на Роми и маргинализирани заедници преку стипендии, образовни асистенти и грантови за задржување на ученици.
- **2019-2025:** Поддршка на наставни реформи, дигитализација и проширување на бројот на образовни асистенти за ученици со попреченост, во соработка со Светска банка и УНИЦЕФ.
- **2021-2022:** Обучени 140 наставници наставници од 15 проектни училишта за унапредување на личните компетенции и животните вештини кај учениците, особено кај деца од ранливи категории, програма „Деца и семејства во образованието“

(ДИСО), проект РЕАСОСК - „Мир преку соработка, компетенции и знаења“.

- **2021-2022:** Обуки за психолози и педагози за препознавање на деца потенцијални жртви на трговија со луѓе.
- **2020-2025:** Бирото делува во рамките на УНСДЕ за координирана поддршка во образованието и социјалната инклузија.
- **2022-2024:** Со поддршка на УНИЦЕФ е развиена Програма за психосоцијална помош и поддршка на деца и млади во образовните, здравствените и згрижувачките институции и средини.
- **2022-2025:** „Квалитетно образование за сите“: Воспоставување демократско управување и култура на активно учество на сите во образовниот процес во 25 училишта, проект поддржан од Советот на Европа и Германија.
- **2022-2025:** Преку Иницијативата за реформи во образовнието на Југоисточна Европа (ERI SEE - EQET SEE) изработен е и донесен од министер Национален стандард на компетенции за советници кои вршат стручен увид/евалуација за оценување на квалитетот во воспитно-образованите установи, во координација со МОН, ЦСОО и ДПИ.
- **2024-2026:** „Вештини за адолесценција“: Развој на социјално-емоционални вештини кај адолесцентите, превенција на насилство и злоупотреба на психоактивни супстанции, преку интерактивни работилници за ученици, наставници, стручни тимови и родители.

Во текот на 2025 година, активностите кулминираат со финализирање на постојните проекти, реализирање на нови обуки и иницијативи, објавување на Стратешкиот план 2025–2027, како и спроведување студиски посети. Фокусот во овој период се насочува кон поттикнување иновации, унапредување на дигитализацијата и обезбедување стабилно и одржливо поврзување со европските образовни рамки.

Меѓународната соработка е двигател на системски иновации - од мултиетничка интеграција и дигитална трансформација до усвојување европски стандарди. Со национални и меѓународни партнери, Бирото ја исполнува својата мисија: континуирано унапредување на квалитетот, инклузивноста и релевантноста на образованието преку размена на добри практики и заедничко учење.



# 6. Постигнувања и влијанија

# 6. Постигнувања и влијанија

Од своето основање како Завод за унапредување и проучување на школството, па сè до денес, Бирото за развој на образованието постојано ја гради својата улога како движечка сила и стратешки партнер на училиштата, наставниците и образовните институции во земјата. Особено по 1991 година, Бирото прераснува во институција со јасна визија и силно влијание врз развојот на националниот образовен систем.

Неговата мисија никогаш не се ограничувала само на административни задачи. Напротив, Бирото е извор на идеи, иновации и поддршка – креативен, советодавен и визионерски центар кој го насочува образованието кон квалитет, современост и инклузивност.

Преку континуирана работа, истражувања и соработка со наставниците и училиштата, Бирото има клучна улога во обликувањето на современото македонско образование во три главни насоки:

- развој и унапредување на наставната практика,
- постојан професионален раст и поддршка на наставниците,
- активно учество во креирање и спроведување на образовни политики.

Со овие постигнувања, Бирото остави длабок и траен белег во историјата на македонското образование – како институција што постојано создава, менува и инспирира.

## 6.1 Главни резултати во развојот на образованието

Од крајот на деведесетите сè до денес, наставните програми доживеаја целосна ревизија и осовременување. Наместо статични и ригидни содржини, новите програми се ориентирани кон компетенции, интердисциплинарни врски и резултати од учење. Оваа промена ја одразува новата парадигма - ученикот е во центарот на наставата, а учењето е насочено кон реалниот живот.

Паралелно, Бирото вложуваше во развој на прирачници и наставни материјали кои не ја заборараат инклузијата. Учениците со посебни потреби добија адаптирани ресурси што им овозможуваат еднакво учество во наставниот процес. Со

дигиталната ера, пак, се роди платформата ЕДУИНО - место каде што наставниците и учениците можат да најдат електронски ресурси, видеолекции и професионални обуки.

Посебна предност е што Бирото остана блиску до училиштата преку подрачните одделенија. Теренската поддршка овозможи директна комуникација со наставниците, со цел нивните реални потреби да бидат слушнати и поддржани. Наставниците често нагласуваат дека „најмногу вреди тоа што некој доаѓа, слуша и советува" - бидејќи реформите полесно се прифаќаат кога зад нив стои реална и блиска поддршка.

### 6.2 Иновативни практики

Бирото за развој на образованието не само што ги следи глобалните трендови, туку активно создава сопствени иновативни решенија прилагодени на националниот контекст. Во пониските одделенија, токму преку иницијативите на Бирото, се разви интегрирана и интердисциплинарна настава која ја надминува традиционалната поделба на предмети и ги поттикнува учениците да размислуваат поврзано, креативно и критички.

Наставата сè повеќе се ориентира кон функционално знаење – знаење што се применува во реални ситуации. Интерактивните методи, групната работа, проектните задачи, игрите и симулациите станаа препознатлив белег на современата наставна практика во македонските училишта.

Паралелно, Бирото го препозна предизвикот на инклузивното образование и разви модели за индивидуализирана и диференцирана настава, со цел секој ученик да го достигне својот потенцијал.

Во време на пандемијата, иновативниот дух на институцијата не згасна – напротив, се засили. Преку развојот и поддршката на хибридни модели на учење, како и преку националната платформа ЕДУИНО, Бирото овозможи континуитет на образовниот процес и покажа дека образованието може да биде флексибилно и отпорно дури и во најпредизвикувачките услови.

## 6.3 Влијание врз образовните политики и квалитетот на наставата

Бирото не беше само поддржувач, туку и активен креатор на политики. Концепциите за основно и средно образование, стратегиите за инклузија и професионален развој, како и бројни закони и наставни планови носат печат на стручноста на оваа институција.

Во училиштата, пак, овие политики се претворија во реалност. Се разви идејата за „училишта со култура на учење" – средини каде што наставниците учат исто колку и учениците, се разменуваат идеи и искуства.

Резултатите од постигањата на Бирото не се само бројки во извештаи, туку пример и поттик за промени во  училниците, за поквалитетна и поинклузивна настава. Секоја наставна програма, секој прирачник, секоја стратегија е дел од една поголема цел: создавање поинклузивен, помодерен и поквалитетен образовен систем кој ги подготвува младите за живот и работа во динамично време.



# 7.

# Поглед кон иднината

# 7. Поглед кон иднината

Со секој нов ден, светот околу нас се менува - технологии се појавуваат и напредуваат, општествените процеси стануваат сѐ подинамични, а глобалните предизвици се сѐ поприсутни. Во таков контекст, улогата на образованието станува клучна, а со тоа и мисијата на Бирото за развој на образованието. По седум децении постоење, Бирото ја гледа својата историја како цврста основа за градење на иднината, со верба дека секој напор вложен во образование создава подобро утре.



## 7.1 Визија и приоритети за следната деценија

Во наредниот период, Бирото ја поставува својата визија во неколку стратешки насоки, секоја насочена кон создавање на современо, инклузивно и динамично образование, задржувајќи ја улогата на двигател на промените, партнер на училиштата и гаранција за квалитетно образование за сите генерации.

### Квалитетно и инклузивно образование за сите

Наставата продолжува да се унапредува со нови програми, со примена на ресурси и на пристапи што обезбедуваат еднакви можности за секој ученик, без разлика на етничка припадност, социјален статус, географска локација или индивидуални можности и потреби. Програмите за поддршка, инклузивни наставни методи и социјални активности се составен дел од секое училиште, создавајќи средини каде што секое дете може да напредува и да учи со радост.

### Поддршка на воспитно-образовниот кадар како носител на промените

Наставниците и стручните соработници се во срцето на секоја реформа. Бирото ќе продолжи да развива програми за континуиран професионален развој, менторство и мотивација. Воспитно-образовниот кадар ќе има можност да се запознава со најдобрите и најсовремените педагошки пристапи, развивајќи ги компетенциите потребни за образованието на иднината.



### Дигитална трансформација на наставата

Дигитализацијата станува неизбежен дел од образованието. Со воведување интерактивни алатки, хибридни модели на учење и едукација за медиумска писменост, критичко мислење, решавање проблеми и безбедно користење на технологии, учениците ќе бидат подготвени за иднината. Наставните програми ќе се засноваат на искуство, проектна работа и интердисциплинарен пристап, користејќи дигитални алатки како дел од учењето, со цел да се поттикне креативноста и самостојноста на секој ученик.

### Отвореност кон меѓународни трендови

Преку активна соработка со европски и глобални образовни иницијативи, Бирото ќе ги зајакне своите капацитети, промовирајќи мобилност и размена на добри практики. Партнерствата со институции, граѓански организации и меѓународни актери ќе помогнат во создавање на современ, транспарентен и одржлив образовен систем.

## 7.2 Рефлексии за улогата на Бирото за развој на образованието во новиот образовен контекст

Бирото за развој на образованието  останува клучен координатор на реформите, со активна улога во развојот на националните стандарди, наставните програми и системските решенија за современо образование. Засновано на истражувања и докази, Бирото ќе креира стратегии и политики што овозможуваат ефикасна имплементација и континуирана евалуација на реформите.

### Поддршка за континуиран професионален развој на воспитно-образовниот кадар

Бирото ќе продолжи да нуди висококвалитетни обуки и поддршка на наставниците и стручните соработници, прилагодени на современите педагошки практики и технологии. Ова ќе овозможи воспитно-образовниот кадар постојано да се усовршува и да се адаптира на новите предизвици, што директно ќе го подобри квалитетот на наставата.

### Унапредување на системот за оценување и евалуација

Бирото ќе ја зајакне улогата во развојот на стандарди и процедури за објективна, валидна и релевантна евалуација на учениците и наставниците. Ова ќе овозможи подобро следење на напредокот и постигнувањата, создавајќи услови за постојано подобрување на квалитетот на образовниот процес.

Во суштина, во следната деценија, Бирото за развој на образованието ќе продолжи да ја остварува визијата за современо и иновативно образование, обезбедувајќи системска поддршка, стратешки иницијативи и стручна експертиза. Целта е јасна: создавање одржливо и квалитетно образовно опкружување за сите, каде што секој ученик и наставник има простор да расте и да се развива.

# 8. Прилози

# 8. Прилози

## 8.1 Хронологија на значајни датуми и настани

